

**Збогум драга Коста!**



**Intervju s Milenom Georgievskom: Važna uloga manjinskih glasila (treći dio)**

# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Година XXXI 2024.

ЈАНУАРИ - ФЕВРУАРИ
SIJEČANJ - VELJAČA

БРОЈ 147

ISSN 1333-7769



## 33 години од основањето на МКД „Илинден“

**Избори во Македонија**



**Избори и во Хрватска**



**Одбележани 20 години од смртта на претседателот Борис Трајковски**



## ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН!

# Tvoj štit od infekcija ključ je zdrave jeseni




Dodatak prehrani u obliku praha za otapanje sadrži LGG kulturu mikroorganizama, 12 vitamina i minerale. Jedna vrećica sadrži 50 % preporučenog dnevnog unosa vitamina D, koji doprinosi **normalnom razvoju imunološkog sustava** kod djece i koji je potreban za normalan rast i razvoj kostiju djece.

KIDS VITs Becutan

**Mali pomoćnici roditeljima**

OGL-370-01-09-2023-HR

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

EXO НА ВРЕМЕТО

*Агол на уредникот*

*Urednikov kutak*



# Избори и лидери

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Будем Конзалтинг д.о.о.
Превод и лектура: Лидија Георгиева
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Милена Златеска
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Гордана Квајо – Риека
Антонела Галиќ – Задар
Марта Жаја – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj,
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

Во пресрет на претстојните претседателски и парламентарни избори во Македонија, земја со богата историја и разновидна култура, граѓаните се подготвуваат да изберат свои лидери кои ќе ја обликуваат иднината на земјата. Овие избори претставуваат клучен момент за демократскиот процес и развој на Македонија, додека политичките партии и кандидатите ги презентираат своите визии и планови за водење на земјата кон напредок, стабилност и просперитет.

Во контекст на геополитичките предизвици и глобалните промени, Македонија бара лидери способни да се соочат со предизвиците на 21. век и да го подобрат животот на своите граѓани. Прашањата како што се економскиот развој, борбата против корупцијата, зајакнувањето на институциите и унапредувањето на меѓународната соработка се клучни теми на разговор во текот на кампањата.

Покрај класичните прашања, претстојните избори во Македонија ќе се соочат и со предизвици како што се зачувување на националниот идентитет, промовирање на социјалната правда и одржливо управување со природните ресурси. Кандидатите ќе треба да ги артикулираат своите визии за зајакнување на демократските институции, унапредување на владеењето на правото и промовирање на инклузивност и еднаквост меѓу граѓаните.

Со оглед на регионалната динамика и интегративните процеси, Македонија ќе бара лидери способни да одржуваат стабилни односи со соседните земји и активно да учествуваат во европските и меѓународните иницијативи. Од клучно значење ќе бидат прашањата поврзани со европскиот пат на Македонија.

Македонските граѓани имаат можност да изберат претседател кој ќе ги застапува нивните интереси на домашен и меѓународен план, како и парламентарни претставници кои ќе ја обликуваат законодавната рамка на државата. Избори ќе има и во Хрватска, а демократскиот чин има потенцијал да го одреди правецот и на Македонија и на Хрватска во годините што доаѓаат.

Излегувањето на гласање претставува можност секој глас да се слушне и да се обликува политички пејзаж кој ја одразува различноста и силата на македонското, но и на хрватското општество.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Избори во Македонија за претседател и за пратеници во Собранието




© Petr Stojanovski/DW

***Македонските државјани во април и мај оваа година ќе одлучуваат за тоа кој ќе биде шеф на државата и кој ќе седи во пратеничките фотељи во Собранието на Македонија***

На македонската политичка сцена политичарите, секој на свој начин, се обидуваат да придобијат што е можно поголем број приврзаници и на тој начин да обезбедат критично избирачко тело кое би им донело победа.

Имено, на 24 април 2024 година ќе се одржат избори за македонски претседател, а на 8 мај ќе се одржат избори за пратеници во Собранието на Македонија. Дијаспората ќе гласа ден претходно.

## Гласање во ДКП во странство

Македонските државјани кои живеат во странство, своето право на глас можат да го искористат во дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија и тоа еден ден порано, односно на 23 април и на 7 мај 2024 година, во периодот од 7 до 19 часот.

Од Државната изборна комисија известуваат дека гласачите можат да извршат претходен увид во евиденцијата на избирачи.

Од македонската амбасада во Загреб во врска со изборите велат дека право на глас имаат сите македонски државјани кои имаат пријавено последно живеалиште во Македонија, а на денот на гласањето привремено престојуваат во Република Хрватска повеќе од три месеци или се на привремена работа или престој повеќе од една година, согласно евиденцијата од надлежен орган, а кои од 14 февруари до 18 март 2024 година доставиле пријава за гласање и се запишани во посебните изводи на избирачкиот список.

Гласачите за процесот на запишување во посебниот извод и гласање и пријавување за гласање, детални информации можат да најдат на следните линкови: *https://www.mfa.gov.mk/mk/page/1908/javen-povik*; *https://zagreb.mfa.gov.mk/mk/page/1908/javen-povik*; https://www.sec.mk/

Исто така, увид во посебните изводи на избирачкиот список можат да најдат на: *https://www.sec.mk/izbirachki-spisok*

Пријава за гласање: *https://dijaspora.sec.mk/RegisterForm.aspx*

## Избирачки список

Увид во посебните избори од избирачкиот список можеше да се изврши и во дипломатско-конзуларните претставништва во земјата каде што престојуваат во периодот од 28 февруари до 18 март со важечка лична карта или пасош. Во овој период македонските државјани имаа можност да поднесат барање за запишување или бришење од избирачкиот список. А во периодот од 14 до 18 март можеа да се поднесуваат пријави за гласање, своерачно потпишани и доставени во дипломатско-конзуларните претставништва или преку наведената апликација.

Македонскиот амбасадор во Хрватска, Милаим Фетаи, нѐ информираше дека македонските државјани кои живеат или работат во Хрватска за време на одржувањето на изборите на гласачкото место во амбасадата можат да гласаат и со важечки лични документи (пасош и лична карта), иако на нив не е напишано името „Северна“ и со претходно пополнета пријава за гласање. Оваа одлука е, како што вели амбасадорот Фетаи, надополнување на изборниот законик.

Со одлуката, која е всушност надополнување на изборниот за-

коник, а на барање на Државната изборна комисија како преодно решение само за овие избори, им се овозможува и на оние избирачи кои немаат нови пасоши или лични карти, да можат да го остварат своето право на глас, доколку поседуваат важечки документи на кои е наведено името на државата Република Македонија.

Инаку, како што нè информираше амбасадорот Фетаи, во Хрватска е исполнет условот од минимум пријавени 10 избирачи во Македонската амбасада во Загреб за да дојдат претставници на Државната изборна комисија од Македонија и да се организира гласање во просториите на амбасадата.

До 18 март 2024 година во амбасадата во Загреб од Хрватска беа пријавени 88 лица, на 11 им се одбиени барањата.

## Седум кандидати за претседател

Ова ќе бидат седми претседателски избори, а 11. парламентарни.

Изборната кампања за избор на претседател на државата официјално започнува на 4 април. Од пријавените кандидати за претседател, во законски предвидениот рок, потребните 10 илјади потписи од граѓаните успеаја да ги соберат седум и тоа: Стево Пендаровски (подржан од СДСМ), Гордана Силјановска (ВМРО-ДПМНЕ), Бујар Османи (ДУИ), Арбен Таравари од опозицискиот блок „Вреди“, Максим Димитриевски (ЗНАМ – За наша Македонија), Билјана Ванковска Цветковска (Левица) и Стевчо Јакимовски (ГРОМ).

Листите со кандидати за претседател на државата, учесниците на изборите до Државната изборна комисија требаше да ги достават најдоцна до 19 март на полноќ.

Македонија се соочува со важен предизвик, но и можност да изгради одржлива, демократска и просперитетна иднина. Во овој клучен момент е важно да се поттикне дијалогот меѓу граѓаните, да се поттикне политичкото учество и да се информираат за позициите на кандидатите. Македонија влегува во ново поглавје во својата политичка историја, а изборите се можност граѓаните активно да учествуваат во обликувањето на нивната заедничка иднина.

Милена Гергиевска




# Нови лични документи

Барање за нов пасош или лична карта, македонски државјани кои живеат во Хрватска, освен во Македонија, можат да поднесат и преку македонската амбасада во Љубљана.

- Процедурата за вадење на лични документи преку македонската амбасадата во Словенија, поточно Љубљана, е таква што граѓанинот треба прво да се јави за да добие термин, потоа оди лично да се слика, па барањето се доставува до Македонија каде се изработува документот. Откако документот ќе биде готов, сопственикот ќе може да го подигне, појаснува амбасадорот Фетаи.

Старите пасоши без додавката „Северна“ беа со важност до 12 февруари 2024 година, а потоа иселениците или оние граѓани кои престојуваат во странска држава во Македонија можат да се вратат со Патен лист кој се вади без термин, со важност на траење од 30 дена од денот на издавање и служи само за враќање во државата. Патниот лист се вади во било која од амбасадите или конзулат.

Од амбасадата во Загреб нè информираа дека потребни документи за издавање на Патен лист се пасош со важечки датум, пополнето барање за издавање на Патен лист, две слики и конзуларна такса од 30 евра, која од 14 март не се наплатува.



# „Иднината на проширувањето на ЕУ: Правосудство и темелни права“

*Во присуство на голем број министри за правда на земјите кандидати и потенцијални кандидати од Западен Балкан, заменикот на министерот за правда, Викторија Аврамовска Мадиќ, во своето обраќање на меѓународната конференција во Загреб се осврна на приоритетите на Македонија и проширувањето на ЕУ, што е еден од најважните процеси кои се клучни за земјата*

"Мора да бидеме обединети сега повеќе од кога било, особено во заштитата на нашата безбедност и почитувањето на владеењето на правото. Да се фокусираме на спроведување на клучните реформи и да докажеме дека кај земјите од Западен Балкан е присутна волјата да ги прифатат европските амбиции и дух“, рече меѓу другото заменик на министерот за правда, Викторија Аврамовска Мадиќ, на дводневната меѓународна конференција ,,Иднината на проширувањето на ЕУ: Правосудство и темелни права“ што се одржа во Загреб на 19 и 20 февруари 2024 година.

Таа додаде дека за да одат напред земјите од Западен Балкан потребно е ЕУ да стои цврсто на својот став околу политиката на проширување, а со тоа и да одговори на македонските предизвици, односно да биде подинамична со јасен стратегиски концепт, а од друга страна да продолжи процесот на обезбедување огромна поддршка на земјите од Западен Балкан.

## Владеење на правото

Како што информираат од Министерството за правда, таа ја поздрави иницијативата на Европската Унија за вклучување на Македонија во Извештајот за владеење на правото како инструмент за рана детекција или превенција на предизвиците со владеењето на правото.

Овој чекор на Европската Унија претставува воспоставување на еднаква основа со земјите-членки во поглед на следењето на тековните реформи и ќе биде од особено значење за Македонија во процесот на забрзана интеграција.

Мадиќ на конференцијата во Загреб информираше дека Македонија изминатиот период успеа да се избори за значително подобрување на односите со соседите, враќање на довербата во правосудниот систем и постигнување поголем економски и културен развој.

- Интензивно сме посветени со сите наши капацитети за подготовка на Патоказот за владеење на правото кој ќе ги исцрта насоките на реформите и мерките до нашата крајна цел – завршување на преговорите до 2030 година“, апострофираше Мадиќ.

## Борба против корупцијата

Заменик на министерот за правда на Македонија се обрати и на вториот ден на меѓународната конференција, каде говореше за корупцијата, посочувајќи дека ефикасната превенција и борбата против корупцијата подразбира заштита на јавниот интерес и вредностите на демократското општество, а за таа цел и јакнење на интегритетот во институциите.

Таа истакна дека неопходно е внимателно да се следат ризиците за појава на корупција, проактивно да се спроведуваат активности за превенција на корупцијата  и да се реализира бескомпромисна политика на репресија на корупцијата.

Информираше и дека во земјата е воспоставена сеопфатна правна и институционална рамка за превенција и борба против корупцијата, а во правната рамка за спречување на корупцијата во поголем обем се вградени меѓународните стандарди и добри пракси.

На конференцијата учествуваше и македонскиот амбасадор во Загреб, Милаим Фетаи.

М. Г.



# Избори и во Хрватска



Во Хрватска оваа е изборна година, каде на закажаните парламентарни избори на 17 април 2024 година ќе се бира нов состав на Хрватскиот сабор, а на 9 јуни ќе се бираат членови во Европскиот парламент од Република Хрватска. Во претстојниот период се очекува политичката сцена да биде одбележана со динамична и интензивна кампања и жестока борба меѓу политичките оппоненти, кои ќе се борат за секој глас на граѓаните. Главните прашања во јавните расправи вклучуваат стопански развој, борба против корупцијата, подобрување на здравствениот систем, политика на емиграција, национална безбедност, климатски промени...

Главните политички партии се натпреваруваат за поддршка нудејќи подобри визии за иднината на Хрватска. Иако, досега во Хрватска е постигнат одреден напредок, претходната Влада се соочи со низа критики и предизвици во спроведувањето на своите политики, а особено дел од јавноста е загрижен поради бавниот напредок во некои клучни подрачја како што се борбата против корупцијата и стопанскиот развој на земјата.

Во овој предизборен период јавноста има можност да ги согледа различните ставови на политичките партии и нивните програми кои се нудат за доброто на земјата и нејзините граѓани. Политичките лидери настојуваат да ги убедат бирачите во своите визии за подобра иднина на земјата.

На претстојните парламентарни избори, бирачите ќе имаат можност да бираат политички лидери и партии кои ќе ја обликуваат иднината на земјата, а формирањето на новата влада ќе биде клучен момент за правецот по кој ќе чекори Хрватска во наредниот период. Македонските граѓани кои живеат и работат во Хрватска можат да го остварат своето право на глас доколку имаат хрватско државјанство.

М. Г.

# Предложени 1340 програми за малцинствата

***92 програми за информирање, 100 програми за издаваштво, 485 програми за културен аматеризам и 663 програми за културни манифестации***

На 6 март 2024 година Советот за националните малцинства на Република Хрватска ја одржа 105. телефонска седница. На седницата беше дадена информација за Јавниот повик за 2024 година на кој вкупно се пристигнати и извршени 1340 пријави и тоа: 92 програми за информирање, 100 програми за издаваштво, 485 програми за културен аматеризам и 663 програми за културни манифестации, што е за 119 пријави повеќе во однос на минатата година.

Програмските предлози пристигнати на Јавниот повик за здруженијата и институциите на националните малцинства за предлагање програми за остварување на културна автономија се од областа на информирањето, издаваштвото, културниот аматеризам и културните манифестации, како и програми кои произлегуваат од билатералните спогодби и договори, а ќе се кофинансираат со средства од Државниот буџет на Република Хрватска во 2024 година.

За остварување на програмата за културна автономија во 2024 година, а согласно со пријавите, здруженијата и институциите на 20 национални малцинства предложија да се распределат средства во вкупен износ од 12.784.176,00 евра, што во споредба со 2023 година, кога беа побарани 9.807.964,00 евра, претставува зголемување од 30%.

Во Државниот буџет, во рамките на активностите на Стручната служба на Советот за националните малцинства на РХ, планирани се и обезбедени тековни донации за кофинансирање на програмите за културна автономија во 2024 година во износ од 9.706.057,00 евра, што е за 25% повеќе во споредба со 2023 година, кога беа одобрени 7.764.846,00 евра.

Претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Тибор Варга, заклучи дека за 2024 година од малцинствата се предложени значително поголем број на програми, од кои со селекција ќе се одберат само најдобрите за кофинансирање.

Е. П.



# Važna uloga manjinskih glasila

*Intervju: Milena Georgievska, glavna urednica „Makedonskog glasa“ povodom 30. godišnjice izlaženja ovog najvažnijeg glasila makedonske zajednice u Hrvatskoj*

"Makedonski glas" prenosi nedavno objavljen intervju na portalu STINA (Institut Saveza za tranzicijska istraži-vanja i nacionalnu edukaciju) s glavnom i odgovornom urednicom Milenom Georgievskom, povodom 30. godišnjice izlaska prvog broja časopisa.

**Kako uopće vidite poziciju i problematiku manjinskih glasila, medija za nacionalne manjine? Kako jačati i unaprjeđivati njihovu poziciju? Kako izbjeći medijsku getoizaciju koju neki pripisuju i manjinskim medijima?**

Položaj manjinskih glasila ovisi o zemlji, njezinim zakonima i političkom okružju. Važno je osigurati pristup sredstvima i zaštiti njihova prava kako bi doprinijeli kulturnoj raznolikosti i slobodi medija. Manjinska glasila igraju ključnu ulogu u očuvanju jezika, kulture i identiteta manjinskih zajednica. Ona pružaju prostor za istraživanje na materinjem jeziku i promicanje kulturne tradicije. Manjinska glasila mogu promicati toleranciju i razumijevanje među različitim manjinskim i većinskim zajednicama. Kroz svoje sadržaje mogu smanjivati predrasude i stereotipe. Manjinska glasila igraju vrlo bitnu ulogu u promicanju demokracije i slobode medija. Kroz izvještavanje o manjinskim pravima i društvenim pitanjima doprinose pluralizmu i boljoj informiranosti građana.

**Međutim, manjinska glasila mogu se suočiti i s izazovima financiranja.**

U slučaju „Makedonskog glasa“ iznimno smo zahvalni što imamo potporu hrvatske države preko Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske koji nam daje financijsku potporu za izlaženje ovog časopisa Zajednice Makedonaca u Hrvatskoj. Budući da živim u Šibeniku imam odličnu suradnju s lokalnim medijima koji prenose informacije vezane za djelovanje Makedonaca u Šibeniku i Šibensko-kninskoj županiji, a objavljuju i vijesti i informacije vezane za Makedoniju. Ipak, kroz ovaj primjer, možemo zaključiti da je jako bitno kakav ćete odnos ostvariti s kolegama iz drugih medija.

**Kako pak vidite širi medijski tretman nacionalnih manjina u hrvatskom medijskom prostoru (mainstream medijima, HRT…). Koliko ste zadovoljni time? Kako to unaprijediti?**

Već smo nekoliko puta putem „Makedonskog glasa“ izvijestili o tretmanu nacionalnih manjina, posebice od strane javnog servisa HRT-a. Zaključci su to Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske koji je u više navrata utvrdio da je zastupljenost nacionalnih manjina na HRT-u nedovoljna.

Povećanje zastupljenosti manjinskih zajednica u mainstream medijima, uključujući i Hrvatsku radioteleviziju može biti izazovan proces, ali je ključno za promicanje raznolikosti i inkluzivnosti. Možda se uz dobru obuku novinara o pitanjima vezanima uz manjinske zajednice kao i senzibilizaciju za njihove potrebe te perspektivu može poboljšati izvještavanje. Suradnja s manjinskim medijima može pomoći u prenošenju vijesti i informacija iz manjinskih zajednica u mainstream medijima. Mediji bi trebali pažljivo pratiti i izvještavati o kršenju prava manjinskih zajednica kako bi se podigla svijest o tim pitanjima. Suradnja s predstavnicima manjinskih zajednica može pomoći medijima da bolje razumiju njihove potrebe i perspektive.



*Redakcija „Makedonskog glasa“*



Promicanje raznolikosti u mainstream medijima nije samo moralno pitanje, nego i ključno za izgradnju inkluzivnog društva i bolje razumijevanje među različitim zajednicama.

## Brana asimilaciji

**Nedavno su objavljeni podaci popisa stanovništva i za nacionalne manjine. Ima ozbiljnih upozorenja da osjetan pad broja pripadnika nacionalnih manjina, uz objektivne negativne demografske faktore jesu i indikator relativno neuspjele integracijske politike (integracije s identitetom), a pojačane asimilacije. Kako u tom kontekstu ocijeniti ulogu manjinskih medija? Koliko oni ispunjavaju svoju ulogu, koliko doprinose očuvanju manjinskog identiteta?**

Posljednji popis stanovništva u Hrvatskoj pokazao je trend pada ukupnog stanovništva, uključujući i manjine. U svjetlu opadanja broja pripadnika manjinskih zajednica, manjinski mediji postaju ključni čuvari identiteta, jezika, i kulture tih zajednica. Njihova uloga nije samo informativna, već emocionalna i socijalna pridonoseći očuvanju bogate kulturne raznolikosti.

Manjinski mediji igraju ključnu ulogu u očuvanju identiteta manjinskih zajednica, osobito u situacijama gdje se manjine suočavaju s opadanjem broja pripadnika. Manjinski mediji pomažu u očuvanju manjinskog identiteta i u procesima prisutne asimilacije, gdje pripadnici manjina gube svoj jezik, tradiciju i kulturu. Kroz svoj rad manjinski mediji također mogu pridonijeti promociji razumijevanja i tolerancije među različitim zajednicama. Izvještavanje o manjinskim zajednicama može potaknuti širu javnost na bolje razumijevanje i suosjećanje.

**Kako ih dalje razvijati da tome mogu doprinositi?**

Daljnji razvoj manjinski medija i njihova sposobnost doprinosa očuvanju manjinskog identiteta zahtjeva niz koraka i podršku. Prvo, financijska podrška. Država, lokalne vlasti i međunarodni fondovi mogu osigurati održivost tih medija kroz financijsku podršku. Zatim, kontinuirana obuka za novinare i urednike manjinskih medija može poboljšati njihove novinarske vještine i sposobnosti izvještavanja o pitanjima manjinskih zajednica. Mogu se organizirati i kampanje osvješćivanja koji educiraju širu javnost o važnosti manjinskih medija i doprinosu manjinskih zajednica u društvu. Manjinski mediji mogu surađivati s istraživačkim institucijama kako bi generirali relevantne podatke i istraživanja koja podupiru njihov rad. Jako je bitno korištenje i inovativnih pristupa u izvještavanju. Mogu se organizirati i programi za poticanje medijske pismenosti među manjinskim zajednicama kako bi se publici i čitaocima pomoglo da kritički razmišljaju o medijskim sadržajima. Daljnji razvoj manjinskih medija zahtjeva prilagodljivost, inovaciju i učinkovitost. Njihova uloga u promicanju raznolikosti, kulturne baštine i međusobnog razumijevanja je od izuzetne važnosti za izgradnju inkluzivnih društava.




(kraj)

**Stojan Obradović**

# Одбележани 20 години од смртта на претседателот Борис Трајковски

*Македонците од Сплит и околината на 24 февруари го посетија споменикот во Ротимље и положија венец со цвеќе во знак на сеќавање и почит*



Иако поминаа 20 години од трагичната авионска несреќа во која претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, го загуби животот, неговиот лик и дело никогаш нема да бидат заборавени.

Во авионската несреќа што се случи на 26 февруари во 2004 година во Босна и Херцеговина, загинаа претседателот Борис Трајковски и осумчлената делегација која патуваше на Меѓународна конференција во Мостар. Покрај претседателот Трајковски, животот го загубија портпаролот Димка Илкова Бошковиќ, советниците Ристо Блажевски и Анита Лозановска, претставникот на Министерството за внатрешни работи, Миле Крстевски, телохранителите Аце Божиновски и Борис Велиновски, како и пилотот Марко Марковски и копилотот на авионот, Бранко Ивановски.

И после толку години од несреќата кај Ротимље во близина на Мостар, споменот за трагично загинатиот претседател сè уште е присутен помеѓу нас. Тагата за неговиот трагично прекинат живот ја делиме сите.

## Сеќавање и почит

Македонците од Сплит и Сплитско-далматинската жупанија по 20. пат, на 24 февруари, му оддадоа почит на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски на местото на несреќата во Босна и Херцеговина и положија венец со цвеќе во знак на сеќавање и почит.



Оваа година, спомен обележјето го посетија и ученици од основното училиште „Скалице“ од Сплит, кои го изучуваат македонскиот јазик и култура.

И на вечното почивалиште на претседателот Трајковски на гробиштата во Бутел во Скопје, покрај владини претставници, на овогодишното одбележување присуствуваа и положија цвеќе сопругата на поранешниот претседател Борис Трајковски, Вилма Трајковска, членови на семејството, македонскиот претседател Стево Пендаровски, делегација на Собранието предводена од спикерот Јован Митрески, делегација на Армијата на Македонија, како и делегација на Сојузот на борци од НОАВМ.

Поминуваат 20 години од моментот кога светот загуби важна политичка личност која подеднакво се грижеше за својот народ, но и за сите народи во целиот свет, личност која работејќи за успехот на Македонија, се залагаше за нов и подобар свет, чиј супстрат ќе бидат верата, надежта и љубовта меѓу сите и за сè.

И оваа година на споменикот во Ротимље, владина делегација од Македонија положи венец по повод 20-годишнината на трагично загинатиот претседател и неговите блиски соработници.

Македонците од градот Сплит нема да ве заборават. Нека им е вечна слава!!!

Марта Жаја



# Збогум драга Коста!



Костадинка Велковска, позната меѓу своите Македонци во Хрватска како Коста, по тешката здравствена состојба почина на 10 март 2024, во 76. година од животот.

Како хрватска театарска актерка и шансониерка остави неизбришлив белег на хрватската актерска сцена со својата талентирана игра и посветеност на уметноста. Нејзината неверојатна интерпретација на различните ликови, од класични, до современи, ги освојуваше срцата на публиката.

## Македонски корени

Костадинка не беше само сјајна актерка на сцената, туку беше и топла и скромна личност.

Освен во театарот, таа се истакнуваше и во филмски и телевизиски проекти, а нејзината присутност на екранот носеше посебен сјај.

Костадинка секогаш беше горда на своите македонски корени и никогаш не го заборави своето потекло, туку секогаш ја негуваше врската со македонската заедница.

Нејзината приврзаност и поддршка кон Македонија и македонската култура беа видливи и низ нејзиното учество во културни настани, хуманитарни акции и промоција на македонската култура и уметност. Нејзиното присуство и ангажман во Заедницата на Македонците во Република Хрватска беа инспирација за многумина и ја зацврстија врската меѓу неа и нејзините сонародници.

## Горда претставничка на својата земја

Нејзиното срце секогаш чукаше за Македонија, а со својот пример покажа на важноста за зачувување на идентитетот и културното наследство. Низ својата работа и ангажман, остави траен белег не само во Хрватска, туку и меѓу Македонците ширум светот.

Нека нејзината љубов кон Македонија и нејзината преданост на глумата служат како пример на сите да ги ценат своите корени и да придонесуваат на заедницата на начин кој ќе остави позитивно и трајно внимание.

Костадинка Велковска ќе остане во срцата на своите Македонци како вистинска амбасадорка на македонската култура и горда претставничка на својата земја.

Нејзиниот пример да поттикнува активизам и грижа за другите, покажуваше дека уметниците имаат силно влијание. Исто така, промовираше позитивни промени во општеството.

Костадинка ќе остане запаметена како актерска икона која живееше за уметноста и својата земја, оставајќи зад себе наследство со кое се гордеат нејзините Македонци и театарскиот свет.

Искрено сочувство до семејството.

Драга Коста, почивај во мир!

Заедница на
Македонците
во Република
Хрватска



# Македонска вечер со многу радости

*Секој гостин на подарок доби магнет од Македонија и најнов број на списанието „Македонски глас“*







По три години пандемиска пауза, загрепските Македонци конечно ја дочекаа својата „Македонска вечер“. Организацијата беше на МКД „Охридски бисер“ од Загреб во рамките на културната манифестација „Денови на македонската култура“. Свечената прослава се одржа по повод празникот Василица, односно Старата Нова година по Јулијанскиот календар, на 27 јануари 2024 година во ресторанот „Лагуна“ во Сесветски Краљевец. Покровител на настанот беше Советот за националните малцинства на РХ.

Салата беше прекрасно уредена, а гостите ги дочекуваше подмладокот на Друштвото, убави девојчиња и момчиња облечени во традиционални живописни македонски народни носии. Секој гостин на подарок доби магнет од Македонија и најнов број на списанието „Македонски глас“. Насмевките на присутните и доброто расположение говореа сѐ.

## Песна, музика и оро

Програмата ја водеше Гордана Колески. Учениците рецитираа на македонски јазик и измамија топли аплаузи, а заиграа и македонско оро. Добредојде на гостите им посака претседателката на МКД „Охридски бисер“, Виолета Штерјова, а честитки упати и македонскиот амбасадор во Хрватска, Милаим Фетаи. Се изрази и благодарност до донаторите на вечерта, македонскиот ресторан „Св. Никола“, фирмата „Симос информатика“, Гордана Колески и семејството Колески. И, забавата можеше да започне!

Најзаслужни за македонската песна и музика беа Ани Малинкова, Мише Боев и групата „ВИС Македонија“ од Македонија. Се редеа познатите безвременски бисери и ритми придружени од тапанот, хармониката и кларинетот создавајќи носталгична, но весела, распеана и разиграна атмосфера долго во ноќта.

Менито беше богато и разновидно, од предјадења и главни јадења до пијалаци по желба, но најголемо внимание предизвика домашната василичарска погача што ја подготви водителката на кулинарската секција при Друштвото, Недка Тркуља. Обичајот измами многу радости, а најсреќна беше Драгана Колески на која ѝ се падна паричката! Ѝ посакуваме многу успех и благодат во годинава што следи и да се видиме и дружиме и догодина!

Елизабета Петровска









# МКД „Охридски бисер“ со традиционални обичаи за Василица

Просториите на Заедницата на Македонците во РХ беа претесни да ги примат сите гости за прославата по повод Василица или Стара Нова година според Јулијанскиот календар што МКД „Охридски бисер“ од Загреб ја организираше на 15 јануари 2024 година. Со настанот се одбележи и почетокот на овогодишните „Денови на македонската култура“ под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ.

Убав празник за убаво дружење, а со своето присуство нѐ почестија и Наталија Поповска, директорка на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб и Цветко Поповски, потпретседател на ЗМРХ. Претседателката на Друштвото, Виолета Штерјова, добро расположена, ги поздрави гостите, членовите и нивните пријатели и им посака пријатна вечер. Јангел Малинов говореше за македонските традиционални обичаи за Василица, а пејачката група „Моми бисерни“ под водство на Сафиудин Алимоски ги развесели присутните со познатите македонски народни песни од својот репертоар.



И секако, главното внимание беше посветено на василичарската погача што ја подготви водителката на кулинарската секција, Недка Ткуља, која, како што и обичајот налага, Виолета Штерјова, Јангел Малинов и Александра Мерипушкоски прво ја вртеа, а потоа и ја кршеа и делеа парчиња на присутните. Најсреќна годинава беше Јадранка Шинцек, која ја пронајде паричката и сите ѝ посакаа да ѝ донесе здравје и бериќет. Заедничката слава продолжи со музика и песна, со добри желби и надеж за среќна и успешна 2024 година.

Е. П.





# Честит празник на виното и љубовта

Културната манифестација „Св. Трифун и Св. Валентин“ што ја организираше МКД „Охридски бисер“ од Загреб привлече многу посетители. Во рамките на „Деновите на македонската култура“, прославата се одржа на 13 февруари 2024 година во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ.

Овој двоен празник е симбол на среќа, убавина и емоции презентирани преку стихови, вино и љубов. „Во виното е вистината“, како вели претседателката на Друштвото, Виолета Штерјова, „тоа ја топли душата и срцето, а без вистина и топлина нема ни љубов“. „Честит празник на виното и љубовта“, срдечно таа ги поздрави гостите.

Програмата ја водеше Ивана Брезовец, а за светците и значењето на двата празника говореше Горан Коров. Пригодни стихови рецитираа Јангел Малинов, Ѓула Јанковиќ и Ана Далиповски. За музичкиот дел и веселата атмосфера најзаслужна беше пејачката група „Моми бисерни“ под водство на Сафиудин Алимоски, која исполни неколку македонски нумери во придружба на оркестарот на Друштвото, а присутните воодушевено заиграа и убаво македонско оро.

Вечерта беше вистински празник за сите сетила. Водителката на кулинарската секција, Недка Тркуља, се погрижи за македонските домашни деликатеси и вкусни задоволства, по што се наздрави и со чаша вино. Се уживаше во моментот, се дружеше и се славеа виното, љубовта и животот.

Е. П.



# 33 години од основањето на МКД „Илинден“

*На 13 јануари 2024 година Илинденци со гордост и љубов го прославија 33. роденден на најстарото Македонско културно друштво „Илинден“ во Хрватска*







Како едно непишано правило, секој кој ја напуштил својата родна грутка во себе сигурно се обврзал дека ќе се врати, брзо, брзо назад. Но, животот носи многу непредвидливи приказни, па така кај нас сите останати овде или на некое друго место низ светот ни остануваат многу неодговорени прашања.

Во Риека, МКД „Илинден“ е формирано за да ги поврзе невратените и што помалку да се чувствува осаменоста, но и да се покаже дека и во ова здружение има дел од татковината. Дали во тоа се успеало, останува на вас, драги читатели, да процените.

„Во овие петнаесетина години оправдана е упорноста на ентузијастите кои на несебичен начин успеаја да го остварат замисленото, да се здружат и запознаат меѓусебе, а младите да ги заинтересираат за нивното потекло.“ Ова е дел од текстот „Нешто како вовед“ од Владо Настески објавен во монографијата „МКД „Илинден“ 1991-2006“.

Оваа монографија е едно сеќавање на минатото кое во себе носи спомени за активностите за кои многумина целосно се ангажираа и реализирани се многу програмски активности зацртани уште на самото формирање на Друштвото.



## Од идеја, до угледно Друштво

На 13 јануари 2024 година, како и секоја година, Илинденци со гордост и љубов го прославија 33. роденден на најстарото МКД во Хрватска. Тоа е ден кој се одбележува во срцата на секој Илинденец, сеќавајќи се на далечната 1991 година кога група ентузијасти, по иницијатива на Владо Настески, го основаа ова угледно Македонско културно друштво со желба и идеја да го негуваат македонскиот јазик и култура, да се дружат и забавуваат. Со својата долгогодишна активност, организација и толеранција, МКД „Илинден“ е респектабилно Друштво во Риека и е иницијатор за дополнителната настава по Македонски јазик и култура по моделот Ц што се одржува во основното училиште „Центар“ во Риека и во Првата сушачка хрватска гимназија, како и иницијатор на одржувањето на наставата по Македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека. МКД „Илинден“ е добитник на Златната плакета „Грб на градот Риека“ во 2011 година за







20-годишнината од континуираното успешно претставување на македонската култура и традиција и развојот на соработката меѓу двата пријателски народи.

Годинава роденденот беше прославен со прикажување на краткиот документарен филм „Ако ме прашаш каде сум родена“ на авторката Мара Прпиќ, која низ мозаик од детали, на интересен начин раскажува за животот на МКД „Илинден“ – активности, изведби, членови на Друштвото и со презентација на ре-издадената монографијата „МКД „Илинден“ 1991-2006“ од Владо Настески. Промоторот на ре-издадената монографија, м-р Биљана Стојановска, лектор по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека, ги информираше присутните за содржината, формата и значењето на монографијата како одлично четиво, но и документ за еден период од животот на МКД „Илинден“.

По интересната презентација, авторот на монографијата и еден од основачите на Друштвото, Владо Настески, заедно со најмладите членови на Друштвото, со радост и смеа ги дувнаа свеќичките на роденденската торта, а потоа Владо Настески им подели потпишани примероци на монографијата на сите присутни.

Гордана Квајо

## Василичарски обичаи

Секоја година, како и оваа, во просториите на МКД „Илинден“ се славеше Старата Нова година според Јулијанскиот календар – Василица. Годинава кумови на традиционалните обичаи за Василица беа семејството Ефтоски. Кумата Катерина ги запозна сите присутни со василичарските обичаи од мијачкиот крај, а потоа подели од погачата во која имаше паричка. Паричка годинава му донесе среќа на семејството Фантин.



# Етно работилница за филцирање волна

Колку е привлечна и недоволно позната техниката на рачно филцање на волна и изработка на предмети од неа, покажа големиот интерес за учество на етно работилницата за филцање волна во просториите на МКД „Илинден“.

„Волна фелтинг“ – е стара техника на обликување на волнените влакна. Фелтингот е техника на обработка на чешлана волна. При процесот на филтрирање настанува хемиска реакција помеѓу лугата од сапунот и протеините од волната и се создаваат силни врски кои ги држат волнените нишки. Волнените конци со термичко и механичко дејство, со помош на вода и сапун при влажното филцање се испреплетуваат и создаваат ткаенина или цврст предмет. Фелтингот станува модерно хоби за оние кои бараат забава и сакаат да се релаксираат.

Работилницата се одржа на 16 февруари 2024 година. Учесниците на работилницата со смеа и дружење внимателно ја следеа, учеа и ги научија основите на оваа техника на изработка на предмети од филцана волна. Работилницата ја водеше долгогодишната членка на МКД „Илинден“, Радмила Ружиќ. Со големо трпение и љубов им помогна на учесниците на работилницата да изработат убави, шарени, волнени цветови кои им останаа како спомен на убаво поминатото попладне во МКД „Илинден“.

Г. К.



# Како се сака татковината Македонија

***Наталија Лековска, наставничка по Македонски јазик и култура, која својата кривопаланечка адреса ја замени со хрватска, 15 години ја организираше наставата по Македонски јазик и култура во Риека, прво во основно, а потоа и во средно образование***

За свеченото одбележување на 15 години од наставата по Македонски јазик и култура, Наталија Лековска направи интересен и краток видео филм. Ни раскажа за филмот, за нејзините почетоци и работата со деца, што ѝ значат сите тие изминати години и за плановите во иднина.

„Како прва наставничка имав внатрешен порив да оставам едно катче со спомени кои се дел од историјата важна за Македонија и за македонскиот јазик. Затоа направив видео во кое ставив дел од многуте слики што ги имам за еден многу вреден период од мојот живот и значајни спомени врежани во мене засекогаш. Кога пребарував, сликите ги преживеав како и во моментите кога бев на местата и на настаните со учениците. Прекрасна топлина ме обземаше и ми го топлеше срцето, солзи радосници и солзи од големо задоволство навираа...“, вели Наталија.

Таа додава дека кога го објавиле видеото на свеченоста во Првата сушачка хрватска гимназија истите чувства ѝ ја разиграле душата, а прекрасни измешани емоции ја обземале.





## Благородна професија

- Сите тие чувства и случки низ годините ми покажуваа дека сум ја одбрала вистинската професија, а не биле само детски желби кои тлееле во мене. Ова е благородна професија што ја работам со љубов и мислам дека децата го чувствуваат тоа. Му благодарам на покојниот професор по физика, кој беше долгогодишен член на МКД „Илинден“, кривопаланчанецот и риечанецот Левко Цветковски кој ме поврза со нив, благодарност и до Заедницата на Македонците во Република Хрватска, до сите кои беа вклучени во целиот овој процес низ годините, а посебно на сите ученици кои му дадоа дух и поддршка да опстојува сиве овие години.

Со учење и поучување македонски јазик по моделот Ц во ОУ „Центар“, Лековска започнала во 2008 година, а во Првата сушачка хрватска гимназија во 2015 година.

- Во ОУ „Центар“ бев до 2020 година кога се вработив во „Истра“ во целодневна настава на полно работно време. Тогаш донесов многу тешка одлука за мене и останав да работам само во гимназијата. Во 2020 година наставник во основното училиште стана м-р Биљана Стојановска, а потоа колешката Ана Фантин. Во сите овие 15 години реализирани се и бројни проекти со учениците. Додека бев дел од основното училиште, цело време имавме блиска и плодоносна соработка со МКД „Илинден“ и учествувавме во многу нивни проекти и програми. Бев дел и од нивниот хор и фолклор, секогаш им препорачував и ги водев учениците со надеж и тие да станат членови и да бидат дел од фолклорот и хорот, да го засакаат јазикот и Македонија, а соработката продолжи и кога започна наставата и во средното училиште. Исто така, водев ученици од Хрватска на летно школо во Македонија, во Охрид, додава Наталија.

Таа вели дека сите овие години изгледаат само како набројани предавања, настани и екскурзии, меѓутоа зад сето тоа се крие големо задоволство и неискажани чувства, нови знаења, многу спомени, големи и многубројни пријателства и симпатии кои остануваат за цел живот. „Дечињата што беа дел од наставата сите овие години и сите дечиња што ќе ја продолжат македонската лоза се дел од македонската иднина и бисерчиња што ќе ја зачуваат македонштината да не ни згасне“, посочува Лековска, која додаде дека планира неколку проекти во и надвор од Хрватска, со кои ќе ги промовира македонскиот јазик и култура.

Гордана Кваjо

# Студенти од Риека во студиска посета на МКД „Илинден“

На 10 јануари 2024 година, МКД „Илинден“ го посетија две студентки од прва година на додипломски студии по Хрватски јазик и литература на Филозофскиот факултет во Риека, Марта Суперина и Кристина Павелиќ. На предлог на професорката Биљана Стојановска стапија во контакт со претседателката на МКД „Илинден“, Ивона Дуноски Митев, за да дознаат повеќе информации поврзани со темата на нивната семинарска работа. На изборниот предмет Македонска култура и цивилизација како тема на семинарска работа и презентација го избраа македонското национално малцинство во Република Хрватска.

По топлото добредојде, претседателката Ивона Дуноски Митев ги запозна студентките со историјата, работата на Друштвото и плановите за иднина. По разговорот, задоволни од собраните информации, студентките Марта



и Кристина ѝ се заблагодарија за приемот, а беа поканети во иднина да ги проследат активностите и повторно да го посетат Друштвото.

По посетата на МКД „Илинден“, успешно ја обработија својата семинарска работа на повеќе нивоа. За почеток, тие презентираа неколку општи факти за македонското малцинство, а потоа на своите колеги подетално им го претставија МКД „Илинден“ и неговите активности, како што се учество во „Неделата на екуменизмот“ и учество на фестивалот „Порто Етно“, потоа прославата на „Денот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска“ и Македонската православна црква „Св. Злата Мегленска“. Исто така, на семинарот тие презентираа неколку познати личности како Антон Мажураниќ и Фрањо Рачки, кои се значајни како важна врска меѓу Македонија и Хрватска.

Г. К.

# Струмички карневалски групи на Риечкото корзо

Меѓународната карневалска парада е круна на карневалските свечености на Кварнерот и е најголемата атракција на петтата сезона во „пристаништето на различностите“, а „Биди што сакаш, дојди на карневалот во Риека“ е карневалскиот слоган во Риека.

Точно напладне, со слаб дожд, на 11 февруари 2024 година започна големата 41. Меѓународна карневалска парада со повеќе од девет илјади учесници во 93 групи и 59 алегориски коли. Најголем дел од карневалските групи кои учествуваа на Меѓународната карневалска парада дојдоа од Приморско-горанската жупанија, но имаше и 12 странски групи од Италија, Унгарија, Словенија, Црна Гора, Кина, Индија и Македонија кои ги претставија своите традиции и обичаи.

Маскираните групи и алегориски коли со огномет од бои и прекрасни маски, кои ги подготвуваа во текот на целата година, ја покажаа својата имагинација, оригиналност и духовитост.

Како и претходните години, така и оваа година Македонија ја претставуваа карневалските групи од Струмица и тоа: ООУ „Видое Подгорец“ со маската „Струмичка корида“, ООУ „Маршал Тито“ со маската „Папагали“ и Карневалската група „Мулен руж“ со маската „Кабаре“ кои со своите маски и перформанси ги воодушевија посетителите и го избркаа дождот од улиците на „градот кој тече“.

Г. К.





# Божиќ во МКД „Билјана“



На 9 јануари 2024 година Македонското културно друштво „Билјана“ од Задар достојно го прослави Божиќ, овој голем и светол празник. Програмата, која е дел од „21. Денови на македонска култура“, започна со пеење на македонски песни кои ги отпеаја членките на пејачката секција „Билјана“, што за овој ден ги одбра водителката Мелика Поповиќ.

Мирјана Мајиќ, претседателка на Друштвото, како водителка на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“ говореше за убавите обичаи и легенди поврзани со овој празник.

## Обичаите на Македонците

- Навистина многу убави и интересни легенди и обичаи имаме ние Македонците. Добро е, кога тоа е можно, да зборуваме за нив за да не останат заборавени. Имаме големо културно наследство во врска со легендите и обичаите и тоа треба секако да го негуваме и да ги учиме помладите како и што било во минатото, истакна Мајиќ.

Инаку, настанот беше забележан и преку ТВ „Диадора“ од Задар, која ги следи активностите на МКД „Билјана“.

Програмата продолжи со читање поезија посветена на овој празник. Етно работилницата „Ѓерѓеф“ со водителот Драган Јакимовски направи едно катче каде што беше накитена елка и беа претставени предмети изработени од оваа секција.

## Погача со паричка



Гости поети беа Емилија Мијатовиќ, Илија Балта и Анка Зекановиќ. Се кршеше и погача која долга низа години ја прави домаќинката на куќата, Мирјана Мајиќ. Со голем интерес се очекуваше кој ќе биде среќен да му падне паричката. Вртејќи ја погачата се одеше околу масата, а големо возбудување беше кога членката Марија Хорват среќна извика: Кај мене е!

Сите ѝ честитаа и ѝ посакаа да биде среќна не само оваа година, туку и целиот свој живот. Одејќи со корпата полна со разно овошје, се пееја Божиќни песни и се делеше овошје. Литерарно-драмската секција продолжи со читање поезија. За овој ден кулинарската секција подготви многу благи и солени јадења. Фолклорната секција под водство на Мимоза Јевремовиќ разви македонско оро. Весело се прослави големиот христијански празник. Нека ни е секогаш вака весело и убаво!

Антонела Галиќ

# Василица – Стара Нова година

МКД „Билјана“ од Задар ја прослави Василица на 13 јануари во своите простории. Како и секогаш, програмата започна со пеење на македонски песни во изведба на пејачката секција „Билјана“, под водство на Мелика Поповиќ. И за Василица се врзани многу убави легенди и обичаи, а Друштвото секогаш ги негува за да ги сочува од заборав. А, како што овој пат имаше и гости, убаво беше кога со внимание ги слушаа.

И овој пат, голема возбуда предизвика погачата со паричка. Во некои делови на Македонија се прават погачи или пити со паричка за



Василица, па така и овој пат во просториите на Друштвото пак се најде погача, а паричката ја доби членката Мајда Радовиќ, па и на неа ѝ посакавме многу среќа. Мајда е Словенка, која ги почитува Македонците, ја сака нашата музика и обичаи.

Програмата продолжи со читање поезија. Освен членовите на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“, гости поети беа Марија Ивош и Слободан Репак, кои читаа авторски песни. И овој пат кулинарската секција се потруди да подготви многу јадења, па Стара Нова година не се чека со празна трпеза. Си наздравивме со „Среќна Стара Нова година“, а дружењето продолжи со песни и ора.

А. Г.

# Свети Трифун и Свети Валентин

На 12 февруари 2024 година МКД „Билјана“ од Задар ја одржа програмата „Свети Трифун и Свети Валентин“. Како и секоја година оваа програма е во склоп на манифестацијата „Денови на македонската култура“, под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ. Овој пат членките на пејачката секција „Билјана“ освен со преубави македонски песни се покажаа и со своите фустани што и понатака ќе им бидат нивен заштитен знак. Се редеа македонски и далматински песни во избор и под водство на Мелика Поповиќ.

За разлика од репортажата во ТВ „Диадора“, аудио ефектот не може да се долови во „Македонски глас“. Но, за жал, МКД „Билјана“ сè уште нема носии за фолклорот, туку има само една носија во приватно владеење на Мирјана Мајиќ, која ја добила од сестра ѝ од Вевчани и таа стои како украс.

За Свети Трифун и Свети Валентин се врзани легенди и обичаи кои ги говореа членовите на литерарно-драмската секција. Етно работилницата во своето катче подготви корпа со вино, грозје и овошје како синоним за Свети Трифун, заштитник на лозјата и овошјето.

За Свети Валентин, членовите имаа изработено многу убави изработки што го означуваат овој празник. Се читаше љубовна поезија, а освен членовите на литерарно-драмската секција читаше и гоститинката Анка Зекановиќ. Се редеа поезија, пеење и фолклор. При крај на програмата на сите им се поделија мали пакетчиња со бомбони за Валентиново. Со полно срце ја завршивме програмата.

А. Г.



# Богатството на мајчиниот јазик

На 20 февруари МКД „Билјана“ од Задар го обележа „Меѓународниот ден на мајчиниот јазик“. Како убаво звучи зборот мајчиниот! Со воведни поздрави за овој меѓународен ден се започна програмата.

Литерарно-драмската секција повика и поети од Задар и тие да читаат на свој мајчин јазик. Така се читаше на македонски, хрватски, кајкавско наречје, невиѓански дијалект, српски на врањански говор, словенски и др. Шареноликоста на мајчиниот јазик како богатство пренесен од поетите предизвика големо внимание. Гости на програмата беа Емилија Мијатовиќ, Зорица Буљановиќ, Марија Ивош... А, меѓу читањето милозвучни песни македонски, со радост слушани, изведе пејачката секција „Билјана“. Следеше закуска со разговор и мнение што го искажаа сите, и тука не се работи само за членовите на „Билјана“, туку и гостите дадоа свое многу позитивно мислење и впечаток.



Со пригодното дружење овој ден ќе остане запомнат по убавото одбележување на мајчиниот јазик.

А. Г.



# Сѐ што работам, работам од срце и волонтерски

### *Милена Златеска добитничка на благодарница од градот Пула*

Заменикот на градоначалникот на Град Пула, Бруно Цергнул, на 21 февруари 2024 година ѝ додели благодарница на Милена Златеска, повеќекратно наградувана поетеса, амбасадор на македонскиот јазик и претседателка на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, за нејзиниот долгогодишен придонес во зачувувањето на македонската заедница во Пула.




„Вашиот придонес е значаен затоа што нѐ запознавте со вашата култура, не само преку вашите книги, туку и преку вашето дејствување и работа за македонското малцинство во Пула. Македонското малцинство не е големо, но со своите активностите е многу битно за Пула. Благодарение на Вас имавме можност да дознаеме повеќе за Македонија, за нејзините обичаи, јазик и сите други аспекти со кои што инаку не би имале можност да се запознаеме“, рече Цергнул, честитајќи ѝ ја наградата и истакнувајќи ја посветеноста на Златеска за промоција на македонската култура.

Таа му се заблагодари и рече дека е горда што живее во Пула, и во Хрватска.

„Сѐ што работам, работам од срце и волонтерски. Во Пула сум 32 години поради морето, климата и љубовта. Никогаш не сум забележала или почувствувала дискриминација. Пула и Истра се најдобрите места за живеење за сите национални малцинства. Овде соживотот е јасно видлив“, истакна Златеска.

Таа се афирмира преку нејзиниот пишан збор, нејзино дејствување во повеќе области и преку соработката со останатите малцинства во Истра.

## Заслуги

Евидентно е дека заслугата на Златеска е видлива на секој чекор и е голема за овој град, но и за Македонија во ширењето на нејзината култура, традиција, вера, јазик, писмо, изворни македонски јадења и во други сфери, насекаде каде може да покаже дел од себе.

Милена Златеска покрај тоа што е претседателка на Друштвото од Пула, член е на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, на Редакцискиот одбор на „Македонски глас“, на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула и секретарка на Македонскта православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула.

Нејзината долгогодишна волонтерска работа во овие асоцијации придонесе за добиеното признание од Град Пула. Како што самата вели: „Со самото стапнување во Пула сите знаеја дека сме Македонци и така насекаде си ги носиме, пред сѐ, верата и јазикот. Со таа желба, со отворањето на македонските асоцијации, почнавме да бидеме активни. Од желбата да не згасне мајчиниот јазик се родија и петте мои книги и целата моја работа и активност во овој град и жупанија, а и во оваа држава“.

Златеска има издадено пет двојазични збирки поезија, а нејзините песни се во сто и дваесетина меѓународни зборници и така песните ѝ се преведени на повеќе светски јазици. Минатата година нејзините стихови се најдоа во светската антологија во Гинесовата книга на рекорди.

Добитничка е на над 200 награди, дипломи, благодарници, сертификати, признанија, повелби, а се издвојуваат: благодарница за унапредување на културата и јазикот во дијаспората преку пишаниот збор на македонската Агенција за иселеништво и признание за особен придонес и афирмација на литературата преку пишаниот збор на македонската амбасада во Република Хрватска и Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Учеството во бројни хрватски и меѓународни антологии со право ја претставува авторката Милена Златеска како амбасадор на македонскиот јазик и култура не само во Хрватска, туку и пошироко.

Михаела Златеска

# Читам на својот јазик



Со стихови на повеќе јазици на националните малцинства беше одбележан Меѓународниот ден на мајчиниот јазик во склоп на „Деновите на македонската култура во Истра“ на 21 февруари 2024 година. Настанот е во организација на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, а финансиран од Советот за националните малцинства на РХ, Истарската жупанија и Град Пула. Претседателката на Друштвото, Милена Златеска, ги поздрави присутните и нагласи присутните да зборуваат на својот мајчин јазик. За Меѓународниот ден на мајчиниот јазик читаше Тамара Мишевска, а Милена Златеска нешто повеќе рече за јазиците во Европската унија. Златеска нагласи дека, за жал, доста јазици и дијалекти во светот изумираат, а на доста им се заканува изумирање, меѓу кои се хрватскиот и македонскиот.

Затоа Златеска вели: „Зборувајте и пишувајте што повеќе на својот јазик, за да не се заборави. Јазикот е нашиот идентитет, ако не го зборуваме, значи не постоиме, заедно со него изумираме и ние како народ.“

Потоа пред гостите се обрати заменикот на градоначалникот на Град Пула, Бруно Цергнул, кој рече дека му е посебно мило што ова Друштво го одбележува овој значаен ден во светот и ги поздрави претставниците на националните малцинства. Присутен беше и претседателот на Заедницата на Црногорците и пријателот од Пула, Радослав Путник. Следеше читање на поезија на неколку јазици.

На македонски јазик читаа Бојан Мишевски, Милена Златеска со нејзината песна „Денес“, која зборува за поврзаноста и мостовите на пријателството на народите во светот, а Наталија Лековска, наставничка по македонски јазик, престави две песни на македонски автори. На словенски јазик читаше Дамијана Пездирц, Злата Кукуљ на стандарден хрватски, а на унгарски јазик со свои песни се претстави Хелена Петрановиќ, која и запеа на својот мајчин јазик. Програмата заврши со македонските песни на хорот, водител Зоран Гардашевиќ, на хармоника Дамир Костешиќ, по што следеше дружење со колачи и македонско вино.

Михаела Златеска

# Уметност во 2Д и 3Д

Во организација на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб и во соработка со НУ Завод и Музеј Битола од Македонија, на 5 декември 2023 година во просториите на КИЦ се одржа мулти-сензорна изложба под назив „Уметност во 2Д и 3Д“, во рамките на проектот „Достапно наследство за сите“.



Во проектот е вклучен голем тим, кој со години работи со љубов, стручност и посветеност во насока на подобрување на инклузијата и пристапноста на културното наследство. Раководител на проектот е д-р Ирена Ружин. Изложбата се состои од панoа со тактилни слики и текстови на Брајово писмо и предмети – 3Д тактилни копии, изработени во месинг, инспирирани од експонати од Заводот и Музејот во Битола. НФЦ (NFC) ознаките беа поставени на тактилните копии, а аудио описите на хрватски јазик беа достапни преку паметни телефони. Проектот е поддржан од македонското Министерство за култура.

Е. П.



# Традицијата за Бадник и Божиќ



Годинашните „Денови на македонската култура во Истра“, манифестација што ја организира Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, почнаа на 7 јануари со одбележување на традицијата и обичаите за Бадник и Божиќ. Претседателката на Друштвото, Милена Златеска, зборуваше за тоа како се дочекува Бадник и што се подготвува за Бадниковата вечер, и секако за незаобиколното бадниковото гранче, кое прво влегува во куќата со коледарска песна, а потоа се кажува Господовата молитва и се врти лепчето со паричката.

Трпезата е посна, се јаде гравче, посно печиво со кисела зелка, компир салата, риби, баклава, посна сарма, туршија, што значи на трпезата се става од сè помалку што домаќините можат да го подготват. Тука е и посебниот колач кој пред сè треба да има суво овошје, смокви, сливи, праски, ореви, костени, а и сезонското овошје, јаболка, портокали и др. Утрото на Божиќ се оди на богослужба, а таа традиција не е изоставена ни во Пула. Златеска ја прочита и својата песна „Не тагувам“, а поезија читаа и присутните поети: Луција Шкалиц, Габриела Давидовска Баниќ и Бранка Рожман. Присутните беа пригодно изненадени од гостите кои свиреа на тапан и ги развеселија.

Етно креативната секција ја подготви Божиќната изложба, а секцијата „Кујната на мојата баба“ со посебните традиционални јадења ги воодушеви присутните. Габриела во една прилика изјави: „Тука е исто како да си кај мама, така нè дочекува претседателката на ова Друштво, Милена Златеска.“

Не изостана ни кршењето на бадниковиот леб со паричката, а него како и во семејството, така и во Друштвото, најстариот присутен член, чичко Драго Конев, заедно со Трајко Стојкоски и Ратко Златески го вртеа и го скршија па го поделија на присутните. Бадниковата погача ја подготви Мимоза Димовски, како и секоја година. Паричката се падна кај еден Македонец кој прв пат беше во просторот на Друштвото, остана изненаден и бескрајно среќен, а неговото име е Златко Наумоски.

Драгица Бошњак, членка на етно креативната секција, ги подели божиќните честитки, напишани на македонски и хрватски јазик и на три писма, кирилица, латиница и на глаголица. Водителката на етно креативната работилница, Бранка Рожман, ги имаше направено трите кралеви, а и новогодишната елка изработена од тапи од шишиња, како и шишиња облечени во македонска и истарска женска и машка носија. Трпезата со храна ја наполнија Мимоза Димовски, Веска Прелогова, Милена Златеска, Бранка Рожман и други. Со тапанот и македонската песна се разви орото на фолклорната секција.

Михаела Златеска





# Василичарски обичаи

Во МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула на 14 јануари беше одбележан верскиот празник Василица во рамките на „Деновите на македонската култура во Истра“.

- Малку ве има, ама сте со големо богатство на култура, секој пат сум среќен што имам можност да бидам со вас, рече заменикот на градоначалникот на Град Пула, Бруно Цергнул, откако претседателката на Друштвото, Милена Златеска, ги поздрави присутните читајќи една своја песна.

На настанот беше присутен и претседателот на Националната заедница на Бошњаците на Истра, Сенад Пршиќ, кој изрази особено задоволство што соработува со македонското национално малцинство во Истра.

Потоа влегоа Василичарите со сурови прачки во раката и викаа „Суроо, Суроо!“ и присутните ги удираа со прачките, за здравје, како и Василичарите во Македонија. Игор Јаневски влезе со тапанот и со Василичарите пееја василичарски песни. Потоа настапи фолклорната секција, под водство на Јаневски.

Сашка Соломоновска Јаневска, претставничка на македонското национално малцинство во Истарската жупанија и наставничка по Македонски јазик по моделот Ц, зборуваше за Василичарските обичаи, а Михаел Јаневски, ученик кој учи Македонски јазик и култура, читаше василичарски песни.

Милена Златеска нешто повеќе кажа за обичаите од нејзиниот крај, Македонски Брод. Габриела Давидовска Баниќ ги почести присутните со своја поезија. Потоа беа поделени традиционални јадења специјално подготвени за празникот. Паричката се падна кај Драгица Мартиновиќ, на која ѝ посакавме среќа и здравје да ја прати низ животот. Дружењето продолжи со песна и оро.

М. З.



# Вино и љубов слеани во стих

„Св. Трифун и Св. Валентин“ или „Вино и љубов слеани во стих“ како што беше наречена програмата на оваа културна манифестација во склопот на „Деновите на македонската култура во Истра“ беше одржана на 14 февруари во просториите на Македонското културно друштво „Св. Кирил и Методиј“ од Пула. Претседателката на Друштвото, Милена Златеска, ги поздрави присутните, а програмата почна со настап на петгодишната Зара Петерцол и на Бојан Мишевски кои испеаја по една песна.

За животот и делото, а и традицијата за Св. Валентин зборуваше Славица Лончариќ Ѓугум, а за Св. Трифун, Милена Златеска. И двајцата, држејќи до христијанството млади се погубени, едниот заштитник на љубовта, другиот на лозјата, лозарите и виното. Потоа следеше промоција на збирката поезија „Друга соба“ на авторката Злата Кундих Кукуљ, промоторка беше Милена Златеска, а нејзини песни читаше Славица Лончариќ Ѓугум.

Злата пишува уште од својата младост, како што знае да каже, првиот стих го има напишано уште кога и не знаела да пишува. Таа се претстави со својата поезија и се заблагодари за промоцијата. Нејзините песни ги има во повеќе зборници, а има и наградени песни. Злата е член на Друштвото и активна во програмите со читање на своја поезија. Рецензентката на книгата, Ана Колар, ќе запише: „Често е трогателно тоа море кое поетесата лесно го вткала во своите редови, јасно давајќи на знаење дека голем број на истите се настанати токму на море, иако самата авторка е родена и доаѓа од зелените и златни сончеви рамнини на Славонија“.

Потоа програмата продолжи со поезија при што Бранка Рожман прочита две песни од црногорски автори.

За обичаите за Св. Трифун и кроењето на лозите зборуваше Ратко Златески, кој објасни како лозата се крои, а кроењето во Македонија почнува токму на Св. Трифун. Масата ја красеа црвените срциња изработени од Драгица Бошњак, како и посебните љубовни пораки кои им беа поделени на присутните, дело на Бранка Рожман, водителка на етно креативната работилница. Беше прославен и роденденот на Славица Лончариќ Ѓугум. Дружењето продолжи со пригодни македонски ора, песни и колачиња.

Михаела Златеска



# Со љубов на мајчин македонски јазик

## Со љубов ДЕА



Друштво на албанските уметници во Хрватска ДЕА и оваа година, петта по ред, го издаде меѓународниот книжевен зборник на културната различност „Со љубов ДЕА“. Промоцијата беше одржана на 24 октомври во библиотеката „Богдан Огризовиќ“ во Загреб. На манифестацијата присуствуваа книжевници од различни земји, меѓу кои и од Македонија, но и Македонци кои живеат и творат во Република Хрватска, чии дела се застапени во зборникот, каде се покажува и презентира богатството на поезијата, јазикот и уметноста. Во зборникот се застапени 77 автори. Од Македонија присутна беше Елеонора Николовска, а од Хрватска, Милена Златеска, водителка на литерарната секција на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“. И двете го презентираа својот мајчин македонски јазик. Други застапени поети од Македонија се Ета Мерсими и Викторија Македонска.

## Супа во мал бокал





Во Канфанар на 19 ноември оваа година беше одржана поетско музичка вечер „Супа во мал бокал“ во Домот на младите. Меѓу учесниците беа и членови на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ и тоа Милена Златеска, која читаше на македонски јазик, Драго Драгузет и Авелина Дамијањевиќ Драгузет. На крајот на настанот беше послужена супа во мал бокал – црно домашно вино „теран“, со шеќер, домашно маслиново масло и бибер. Домашен леб се пропржува и се става во бокалот со виното. Така во бокалот, направен од керамика со рачка, се сервира супата. На крај сите присутни имаа чест не само да пробаат супа од мал бокал, туку и бокалот го добија за подарок.

НАСТАНИ

# НАСТАНИ

## Поетска вечер

Во организација на „Книжевни кутак“ од Загреб, огранок на Хрватското книжевно друштво од Риека, беше одржана поетска вечер „Божиќу на дар“ во салата на Народниот универзитет во Дубрава. Присутните поети зборуваа за обичаите за Божиќ во нивните краишта, а Милена Златеска, претседателка на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ и водителка на литерарната секција, зборуваше за обичаите во Македонија и читаше свои божиќни песни на македонски јазик. Ана Далиповски читаше на ромски, Грацијела Путина на својата чакавица, а свои песни читаше и заменик претседателот на „Книжевни кутак“, Иван Димоски. Поети имаше од повеќе градови на Хрватска.



## Стоп на насилството над жените

Милена Златеска, водителка на литерарната секција на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула својата поезија и македонскиот јазик и оваа година ги презентираше електронски во програмата „Стоп на насилството над жените“ на 25 ноември. Песната „Во него Бог видоа“ беше читана и на други манифестации и беше примена со воодушевување, а говори за една вистина на жените, кои се врзани за своите сопружници со неизмерна љубов, безусловно. Тема сè поактуелна за денешно време каде се трпи психичко и физичко насилство на мажите кон жените.

## Точно напладне

Во организација на „КУЛ-Тура сНОВА“ од Загреб и „Културни круг“ од Пула, на 30 декември во галеријата „Цвањер“ во Пула свечено беше испратена старата 2023 година точно напладне, а дочекана поетската Нова 2024 година со поезија, колачи и шампањ. Во програмата учествуваа и членови на литерарната секција на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“, и свои стихови читаа Снежана Акрап Сушац, Радојка Крамар, Славица Божичевиќ, Невија Кожљан, Милена Златеска и водителката на програмата Славица Лончариќ Ѓугум, претседателка на „Културни круг“ од Пула.



## Како е да бидеш слеп

Неколку членови на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула учествуваа во програмата „Вечера во мрак“ реализирана во 7 посебни вечери во ноември и декември во организација на „Лого медиа“. Програмата се однесува на лица од сите возрасти и цел е да се презентираат на основци, средношколци, студенти, наставници, воспитувачи, педагози, психолози, рехабилитатори и други стручни личности, како и на пошироката заедница потребите на слепите и на маловидните личности. Активноста беше спроведена во импровизирани ресторани во основното училиште „Тоне Перушка“ во Пула.

Корисниците на вечерата поминуваат два часа во потполн мрак за да почувствуваат како е да бидеш слеп и како се чувствуваат слепите личности низ нивниот живот. За тоа време корисниците седат покрај масата и вечераат, три прилога, и разговараат со присутните и со водителите на проектот. На крај се пали светлото за корисниците, но слепите и понатаму остануваат да живеат во мрак. Две важни пораки се мото на овие работилници: „Светлото се врати, но не за сите“ и „Прави му го на другиот тоа што посакуваш другите да ти го прават тебе во слична ситуација“.

Михаела Златеска

# Кога Василица значи – дом и бериќет

Не се сите денови исти. Некои, и да верувате и да не верувате, се важни, оти значат – дом. Да се одбележи Старата Нова година или Василица, за Македонците кои се надвор од својата татковина е да се одржат обичаите кои нѐ потсетуваат на детството, семејството и спомените.

Во Македонското културно друштво „Браќа Миладиновци“ Василица се одбележува со радост, секоја година. На 14 јануари заеднички се приготвуваат најразлични солени и слатки јадења кои се дел од трпезата за овој ден, но и она најважното, погача со паричка.





Овој 14 јануари 2024 година, на адреса Трпимирова 1ц беа и децата и возрасните, а радоста беше најголема кога требаше да се откине парче од погачата. Најнапред своето делче-залче го добија најстарите, а потоа погачата се разврти низ просторот и сите ѕиркаа кому ќе му падне паричката. А кога конечно затропка кај Борис, сите викнаа „За многу години!“, „За радост, здравје!“ и „Догодина правиш ти!“, оти обичајот вели, кому ќе му биде годината бериќетна, тој ја дели радоста догодина.

Децата пак добија уште една награда: Борис Трајановски, претставник на МНМ за Град Осиек и претседател на Друштвото, им подели и пакетчиња, за да им е годината слатка!

J. T.

# Весела пролет со мартинки

Етно-кулинарската секција „Везилки“ на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек не го носи своето име џабе: таа е етно зашто нејзините членки ги негуваат традиционалните изрази на македонската култура, и оние кои се дел од кулинарството, и оние кои се дел од традиционалните облеки, но и обичаи.



- Носиите, нивните бои и везови, но и изработката на мартинки – малечки црвено-бели, весели и вљубени момчиња и девојчиња, нам ни се важни. Организиравме работилница да се подучиме меѓусебно, да размениме искуства околу везовите, но и да направиме украси. Црвено-белите мартинки нѐ поврзуваат со детството, кога нашите стари ни ги ставаа на облеката шарените парчиња волница или пак ни плетеа нараквици да нѐ чуваат од злото, рече Марија Чинчурак, водителка на секцијата.

Оваа година на 1 март во Друштвото се одржа токму таква, весела работилница на која се плетеше, везеше и се правеа мартинки. Покрај тоа, како што и треба, се запеа македонска песна: па зарем има поубаво од распеан и шарен почеток на пролетта?

J. T.

# Посочен хрватскиот пример за правата на малцинствата

*Семакедонскиот собир беше одржан на 4 февруари 2024 година во Битола, по повод 152 години од раѓањето на великанот Гоце Делчев*

На Собирот учествуваше претставникот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Милена Златеска, член на Управниот одбор на ЗМРХ и претседателка на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула.

Прво беше положено свежо цвеќе пред Спомен куќата на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Цвеќе положија: делегација од Општината Битола предводена од градоначалникот Тони Коњановски, претставници на Советот на Општината Битола, претставници на политичките партии и нивните унии, претставници на Сојузот на борци – Битола, делегации на установи кои го носат името на македонскиот великан, делегации од други држави кои беа дел од Семакедонскиот собир и други граѓански организации.




Градоначалникот Коњановски истакна дека се ретки македонските великани како Гоце Делчев и посебно нагласи: „Гоце Делчев е наша ѕвезда водилка кон жестината и истрајноста, повеќе од било кого, за да го вреднуваме и почитуваме нашето македонско што го имаме – јазикот, културата, традицијата, писмото, слободата“.

Конференцијата на Семакедонскиот собир беше одржана во Офицерскиот дом, и ја отворија и присутните ги поздравија претседателот Илија Богатиноски и битолскиот градоначалник. За животот и делото на Гоце Делчев зборуваше Владимир Караџоски. Од асоцијацијата на човечките права од Грција зборуваше Сидороски, а Кирил Тилев, претседател на „ОМО Илинден“ од Пиринска Македонија, зборуваше за правата на Македонците во Бугарија. Васил Стерјоски даде свое излагање во името на Македонската алијанса за Европска интеграција од Албанија.

## Дискриминација

Милена Златеска зборуваше за правата на националните малцинства и за асоцијациите на македонското национално малцинство во Република Хрватска, нивното постоење и дејствување низ годините во местата каде што живеат и работат. Нејзиното излагање беше посебно проследено од присутните и беше установено дека вакви права и ваков модел на работа на асоцијациите на националните малцинства во Република Хрватска нема никаде во светот, посебно моделот на изучувањето на мајчиниот јазик на националните малцинства. Излагањето на Златеска беше проследено во медиумите.

Семакедонскиот собир заврши со тематската расправа за „Бледскиот договор и неговата актуелност во контекст на остварувањето на националните права на Македонците во Република Бугарија“.

Златеска на крај рече дека не само што се скратени правата на Македонците во некои држави, а и на некои други малцинства, туку се констатира дека и правата на жената се на многу ниско ниво и е евидентна дискриминација. Меѓу делегациите од соседните држави единствена жена на овој Семакедонски собир беше Златеска, уште еднаш потенцирајќи дека е горда што живее во една современа европска држава кога се во прашање правата на националните малцинства. Следеше дружење и размена на мислења, со желба да се подобрат работите до другата средба.

Михаела Златеска

# Во светот на сликарството – максимум ефект со минимум потези

*Христо Петрески, претседател на Друштвото на писатели на Македонија, пред хрватската јавност во Шибеник се претстави како писател и како ликовен уметник за време на „Деновите на македонската култура“. Со него разговараме за ликовната уметност, за мотивите, за постигнувањето на максимум ефект со минимум потези на раката...*



Во „Деновите на македонската култура“ во Шибеник, септември 2023 година, Христо Петрески, македонски писател и ликовен уметник, се претстави пред јавноста со изложбата насловена „Моливот пишува со срцето Христово“. Делата од неговиот најнов циклус се создадени летото 2023 година во Охрид.

## Специфични мотиви

**Од Охрид во Шибеник ни го донесовте најновиот циклус цртежи изработени со туш. Еден интересен спој на линии и специфични мотиви. Кои се мотивите во Вашата ликовна уметност опфатени во цртежите?**

Специјално за оваа изложба во Шибеник во рамките на манифестацијата „Денови на македонската култура“ создадов циклус од 56 цртежи во јули и август 2023 година. На тие цртежи доминира женскиот лик, како симбол на убавината, невиноста, чедноста, од една страна, но тој симбол е окружен со два други елемента – птицата и рибата. Птицата како симбол на слободата, како симбол за лет, а рибата како подводен свет и желба да се излезе од тој подводен свет, да се биде, исто така, слободен и на копното, што е невозможно. Исто така, во тој спој овие два елемента – птицата и рибата, сакав да ги поврзам подводниот свет, земјата и небото. За овој циклус е битно што цртежите се изработени со туш и се одликуваат со линии кои што се отворени или затворени. Преку линиите ја изразувам трансмисијата што доаѓа од главата, од идејата и мислата, па се трансформира преку потегот на раката. Цртежите се црно-бели, тоа значи да се слика црно-бел свет како во јапонската хаику поезија со минимум изразни средства и со само три стиха во една строфа, па така и овде со најминимални линии сакав да постигнам максимум.

**Што е за Вас максимум?**

За мене максимум е приказната во сликата. За мене, нема уметничко дело, ако тоа нема приказна и ако во тоа дело не се наоѓа набљудувачот, оној кој треба да се пронајде во тие дела. Во моите 56 цртежи мислам дека треба да се пронајде секој, бидејќи во сите тие цртежи има приказна. Допирот на жената со птицата, седно дали е на раката, нејзината глава, или коса. Рибата на која стои жената, спојот на рибата и птицата кои се поврзани со ликот на жената.

**Во Вашите цртежи претежно жената е застапена?**

Да. Апсолутно, сите се главно женски ликови.

**Зошто машки нема?**

Јас сум сè уште традиционален маж, кој ги претпочита исконските вредности. Мене ме привлекува женскиот лик. Не можам да цртам машки ликови бидејќи магнетот и онаа внатрешна енергија и сила ме привлекува само кај женскиот лик, што не значи дека некогаш нема да нацртам машки лик. Најчесто тоа е транспониран лик на мојот автопортрет, евентуално на некој старец, или друг човек кој може само сликарски да ми го привлече вниманието. Мене опсесивна тема ми е женскиот лик, па дури и провокација да го доловам сликарски. Тоа не е на начин на портретирање. Јас се трудам моите слики да бидат несовршени. Ако се портрети, тогаш ќе ги фотографирам. Јас не претпочитам да бидат идеални, не ги претпочитам реализмот и хипер-реализмот. Јас ја претпочитам апстракцијата и дури сакам во моите цртежи да има грешки, да нема идеална анатомија, едното око да биде повисоко, помало или поголемо, значи во тој миг, како што јас го гледам. Има тука нешто карикатурално. Друго битно, многу сакам да излезе детето кое црта. Додека го има детето во нас што црта, дотогаш сме живи и функционираме. Многу се радувам на мои цртежи што сум ги создавал во детството и младоста.



# „Моливот пишува со срцето Христово“

**Од каде идејата за насловот на изложбата „Моливот пишува со срцето Христово“?**

Оваа изложба има претенциозен наслов. Одма да кажам не го дадов јас. Дека моливот пишува со срцето Христово, тоа е двозначно, дека пишува со моето срце, но, истовремено да се каже со срцето Христово, тоа значи и да се пишува со срцето на Исус Христос. Бидејќи, иако нас нè дели една буква меѓу Христос и Христо, јас секогаш имам чувство дека кога сликам мене ми помага Бог, како некој да ми ја движи раката, дури и кога пишувам, како некој да ми ја води мислата, како да ми помага при создавањето и јас сум благодарен што е тоа така. Некои тоа го нарекуваат муза, тоа се разбира може да биде жената, но има некоја Божја енергија која што творецот ја чувствува кога создава. И драго ми е што овој претенциозен наслов беше даден од страна на писателот Никола Шимиќ Тонин од Задар во неговиот критичко-есеистички текст за моите цртежи. Но, јас сум многу благодарен на „Хрватско-македонската тангента“ што ја организираше изложбата, бидејќи да не беше тој настан, немаше да биде создаден овој циклус. Можеби ќе беа создадени пет-шест цртежи, но 56 сигурно не. Благодарен сум што создадов една целина. И секогаш ќе ми остане во спомен дека токму Шибеник ми дал поддршка на ликовен план и токму во Шибеник сум се претставил со еден дел од моето творештво.

**Вашите цртежи се необични?**

Да, моите цртежи се необични. Како и во моето творештво, многу би сакал работите да ги ставам наопаку. Многу би сакал и во моите песни, раскази и романи, и во моите цртежи да се погледне светот и од неговата друга страна, и од опачината. Како што велам јас во една моја книга со ликовни рецензии, ликовната уметност е она што (не) се гледа. И навистина така мислам. Не е сликата само тоа што се гледа, на сликата го има и она што не се гледа и треба да се претпостави, односно не мора писателот или сликарот сè да доискажат, сè да насликаат. Значи творбата мора да биде отворена. Гледачите или читателите треба да станат учесници и да ја претпостават и надградат другата содржина која не сум ја навел. Или да се навратат и уште еднаш да ја прочитаат творбата или да ја видат сликата. Зошто? Затоа што замислите што би било ако им давате сè, па и на вашите деца не им давате изџвакана храна. Така и во овие цртежи, јас не сакав и не сакам целата приказна да ја раскажам докрај. Овие цртежи се како иницијални railway капислы, тие се почеток на една приказна, а набљудувачите понатаму треба да ја изградат. И она што е многу битно, секој ги доживува на свој начин.

## Творечка игра

**Што е за Вас творештво?**

Творештвото е една творечка игра. Кога пишувам и кога цртам сум во улога на едно дете кое си игра, со моливот или пенкалото, со тушот, боите и фломастерот. Ако не е игра творештвото, ако не е релаксација, па ако сакате и терапија, тогаш тоа е некоја принуда, комбинаторика, механика, тоа веќе наликува на некоја материјалност, а јас се борам за духовност. Творештвото првенствено мора да го исполнува авторот, творецот. Јас создавајќи го овој циклус, за кој добив задача да го завршам за изложбата на почетокот на септември 2023 година, на мојот летен одмор му дадов духовна содржина. Секој творец кога создава си го облагородува, продуховува животот. Уметничките дела служат да се дисперзира уметноста и луѓето да консумираат и духовна храна, така да го збогатат својот светоглед. За мене голем успех е кога некој посетител видел нешто ново што досега не го видел.

**Освен цртежи, што друго има во вашиот ликовен опус?**

Јас веќе имав 17 самостојни изложби, оваа е прва со цртежи. Во мојот ликовен опус главно се платна со портрети, повторно доминираат женскиот лик, рибата и птицата во колоритен облик. Но, таму има многу и експерименти кои се на планот на апстракцијата. Многу мои слики содржат и апстракција. Малку имам пејзажи, многу малку имам акварели, но имам урбани елементи, постојано го имам современиот човек кој е забрзан, имам и елементи од рурален старински начин на живот. Во еден циклус што го работев во Дојран, имам старински предмети, како вретено и слично. Сакам поврзување на традицијата со современоста. Имам многу ликовни дела, некаде над 3000, а имам напишано над 50 книги поезија, проза, критика и есеј. Интензивно со сликарство се занимавам од 2013 година.

Милена Георгиевска

# „Kako je to“

Познатата македонска писателка Лидија Димковска на 14 септември 2023 година во загрепскиот книжевен клуб „Booksa“, пред бројните љубители на пишаниот збор ја претстави својата прва стихозбирка на хрватски јазик, „Како е тоа“ („Kako je to“), во издание на Сандорф 2022, заедно со уредникот Матко Абрамиќ, преведувачката Борјана Прошев-Оливер и писателката Ивана Бодрожиќ. Стихозбирката содржи избор на песни од три книги поезија: „pH неутрална за животот и смртта“ (2009), „Црно на бело“ (2016) и „Гранична состојба“ (2021). Последната беше наградена на Струшките вечери на поезијата со наградата „Браќа Миладиновци“ за најдобра поетска книга во 2021 година.




Лидија Димковска (Скопје, 1971) е повеќенаградувана поетеса, прозаистка и преведувачка на романска и словенечка литература на македонски јазик. Живее во Љубљана.

# Концерт на Виктор Рафајловски во Загреб

На 15 септември 2023 година во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб се одржа солистички концерт на Виктор Рафајловски на



клавир. Овој млад македонски пијанист роден е 2003 година во Скопје. Завршил основно и средно музичко училиште за пијано на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, во класата на проф. Катерина Ќетковиќ-Фидановска. Моментално студира на Музичката академија во Загреб, во класата на проф. Катарина Крпан. Досега освоил повеќе први награди и остварил високи резултати на државни и меѓународни натпревари.

# Музичка „Приказна“

Во рамките на есенските активности во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, на 30 септември 2023 година се одржа концерт на музичкиот квартет „Приказна“. Квартетот го сочинуваа Марија Јакимовска на флејта, Игор Бакревски на кларинет, Кристијан Кожумановски на контрабас и Марко Виденовиќ на виола и пијано, професионални музичари, редовни членови на Македонската



филхармонија и Националната опера и балет.

# Фемининологија наспроти Фемина

Хрватското здружение на ликовни уметници и ликовни критичари (ХУЛУЛК) со отворањето на мултимедијалната изложба „Фемининологија наспроти Фемина 2023“ на 7 ноември 2023 година во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, го заокружи меѓународниот мултимедијален изложбен проект што започна во Скопје во јуни.





Низ успешна соработка меѓу ХУЛУЛК и Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) и на двете кураторки, Санда Станаќев Бајзек, авторка на „Фемининологија“ и Јана Манева Чупоска, авторка на „Фемина“, изложбата обедини

дела на 20 еминентни современи визуелни уметнички од Хрватска и Македонија – 10 хрватски: Ивана Бакал, Никол Хјуит, Ирена Гајатри Хорват, Паулина Јазвиќ, Алана Кајфеж, Луциа Лабас, Дијана Назор Чорда, Ивана Ожетски, Тара Беата Рач и Габријела Шимиќ, и 10 македонски: Марина Коцарева Раниcављев, Јана Луловска, Маја Рауник Кирков, Ана Трајковска, Христина Зафировска, Наташа Милованчев, Марина Цветановска Мартиновска, Тања Таневска, Вана Урошевиќ и Јана Манева Чупоска.

## Дино Имери со концерт во Загреб



На 19 ноември 2023 година во салата на Хрватскиот државен архив во Загреб, македонскиот пијанист Дино Имери одржа солистички концерт на клавир. Оваа музичка вечер беше негово четврто рецитално гостување во Загреб. Посебно беше интересно тоа што Имери свиреше на историскиот инструмент „Плејел“ од 1911 година, кој бил во сопственост на славниот пијанист Светислав Станчиќ.

Имери изведе дела од Мануел Де Фаља, Фредерик Момпу, Морис Равел и Ж. Бизе/В. Хоровиц, воодушевувајќи ја многубројната публика. Организатор е Уметничката организација „Кристофориум“, во соработка со Хрватскиот државен архив и македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, а со поддршка на Град Загреб и Министерствата за култура на РХ и РМ. Дино Имери (1990) е реномиран македонски пијанист, а неговите уметнички креации се виртуозни.

## Концерт на дувачки квартет



Македонскиот Културно-информативен центар во Загреб беше домаќин на македонски дувачки квартет кој имаше настап на 4 декември 2023 година. Квартетот го сочинуваа Елена Дојчинова на флејта, Љупчо Чедомирски на кларинет, Маја Чанаќевиќ на англиски рог и Сашко Темелкоски на бас кларинет. На репертоарот се најдоа дела од Љ. Бранѓолица, Љ. Чедомирски, М. Виденовиќ и А. Пјацола, а воодушевената публика ги награди со големи аплаузи.

КУЛТУРА

## Петар Андоновски со промоција во Загреб

На 20 декември 2023 година во библиотеката и читална „Богдан Огризовиќ“ во Загреб се одржа промоција на романот „Strah od barbara“ („Страв од варвари“) од познатиот македонски автор Петар Андоновски. Настанот беше во организација на загрепската издавачка куќа „Хена ком“ која го објави романот во превод од македонски на хрватски јазик како дел од проектот „Европа одвнатре и однадвор 2022-2023“, кофинансиран од Европската унија и Министерството за култура и медиуми на Република Хрватска.

Автор е на пет романи и една збирка песни „Ментален простор“ (2008). Во проза дебитира со романот „Очи со боја на чевли“ (2013). За вториот роман „Телото во кое треба да се живее“ (2015) доби одлични критики и престижната национална македонска награда „Роман на годината“ на „Утрински весник“. Третиот роман „Страв од варвари“ (2018) ја доби „Европската награда за книжевност“ и преведен е на повеќе светски јазици. Четвртиот роман „Лето во кое те нема“ (2020) исто така наиде на одличен прием кај читателите, а неодамна излезе од печат и неговиот најнов петти роман „Не кажувам“.

Елизабета Петровска



# Балканско книжевно заедништво

***Васил Тоциновски на триста страници во книгата „Балкански вознеси“ е во потрага на автори и дела, појави и пројави, процеси и состојби кои градат мостови на пријателство, почит, доверба и соработка меѓу народите и државите***

Книгата „Балкански вознеси“ на македонскиот писател и научен работник Васил Тоциновски, во издание на „Академска мисла“ од Скопје, претставува едно своевидно освежување. Во ова заитано и превртено време на конфликти, недоразбирања, разградувања и непочитувања ги проследува, толкува и вреднува заедничките нешта кои ги зближуваат и творечки ги обединуваат балканските литератури.

Книгата содржи 20 текстови во кои низ архивски истражувања и нова документација се разгледуваат малку познати и се отвораат нови страници за одредени автори и дела, појави и пројави во македонската книжевност од еден подолг временски период, почнувајќи од втората половина на 19 век до денес. Трите почетни книжевно-историски студии се за браќата Константин и Андреја Д. Петкович, познати дипломати на царска Русија, првиот во Дубровник, вториот во Риека. Со досега непозната документација авторот понудува многу нови и комплетни биографски податоци за Константин, а од Андреја интересни и вредни не само дипломатски извештаи, туку и белетристика за босанско-херцеговската борба, позната повеќе како Невесињско востание. Преплетувањето потврдува како пишаниот збор на македонските просветители како руски дипломати во Хрватска, меѓу другото, ја опишуваат борбата на босанско-херцеговскиот народ за извојување на сопствените национални и социјални права и слобода.




Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски и Петар Поп Арсов се личности кои ја формираат извонредно значајната етапа на македонствување во втората половина на 19 век. Во нивната револуционерна, писателска и публицистичка дејност системно и аргументирано Тоциновски ги создава европските интелектуални профили со стожерната активност на државотворните елементи како стратегија на колективното македонско дело во остварување на вековните идеали за сопствена државност.

## Современа македонска книжевност

Текстовите за Кочо Рацин, четири студии, претставуваат нови сознанија од животот на писателот, како книжевен полемичар, од неговата трагична смрт и за љубовта со Невенка Вујиќ. Блаже Конески се расветлува со белешки од создавањето на неговата антологиска песна „Везилка“ и посветените песни на негови пријатели, соработници и блиски луѓе.

Посебно треба да се забележат компаративните трудови за корчуланецот Петар Шегедин и велешанецот Јордан Леов за малограѓанштината и провинцијата во нивните романи, и за есеистичкиот пристап за сродноста на принцовите на метафората, македонскиот Радован Павловски и хрватскиот поет Срѓан Духовиќ. Современата македонска книжевност е присутна и во трите завршни текстови; за животот и делото на прерано починатиот млад научен работник Искра Николовска-Нејашмиќ, за поезијата на македонските автори кои живеат и создаваат во странство и за актуелните, или поточно песни посветени на скопјани. Васил Тоциновски на триста страници во книгата „Балкански вознеси“ е во потрага на автори и дела, појави и пројави, процеси и состојби кои градат мостови на пријателство, почит, доверба и соработка меѓу народите и државите.

Елизабета Петровска

# Мајкиниот македонски готвач

*Збирка рецепти кои ќе ви помогнат да зготвите нешто добро за вашиот неделен ручек и кои ќе ве поведат на пат низ Македонија...*

Заедницата на Македонците во Република Хрватска од ноември 2023 година е побогата за уште една книга – „Мајкиниот македонски готвач“ од Марија Чинчурак. Ова е нејзина прва отпечатена книга, а издадена е со финансиска поддршка на Советот за националните малцинства на РХ.

Марија Чинчурак (Тетово, 1959) од својата петта година живее во Хрватска. Се школувала во Винковци и Загреб, а од 1988 година живее во Осиек. Мажена е, мајка на две возрасни деца и баба на внуките Сара и Соња. Член е на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек од неговото основање. Членува во Управниот одбор, а во два мандати била потпретседателка на Друштвото, како и прв претставник на македонското национално малцинство за Град Осиек. Активно учествува во работата на Друштвото и долги години е водителка на етно-кулинарската секција „Везилки“. Идејата за оваа книга е резултат на дружењето во Друштвото и заедничкото готвење на членовите на етно-кулинарската секција. Двојазичниот готвач содржи кулинарски рецепти кои ги научила од нејзината мајка и од колешките Македонки, бидејќи македонската кујна е една од најдобрите кога станува збор за изборот и употребата на состојки, комбинации на зеленчук, месо и зачини, и различни вкусови, од слатко до луто, кисело и солено.




**Добар апетит!**

„Се надевам дека во оваа книга ќе уживате исто толку колку и јас, и тоа од повеќе причини. „Мајкиниот македонски готвач“ е збирка рецепти кои ќе ви помогнат да зготвите нешто добро за вашиот неделен ручек и кои ќе ве поведат на пат низ Македонија – книгата на Маја е придонес во документирањето на општествената историја на Македонија на преминот од 20 во 21 век, носталгичен поглед кон минатото и гастрономски есеј за богатството и убавината на македонската кујна“, посочува уредничката на книгата Јулијана Младеновска-Тешија.

За, сега покојната, Јагода Тренеска Цветичанин, оваа книга нуди кулинарски, културен и јазичен поглед на Македонија за секој што сака да дознае повеќе за македонската гастрономија, но и за Македонците во Хрватска, зошто таа е и траен потсетник за вкусовите и јазикот на татковината.

„Ова се карактеристиките што навистина ја издвојуваат оваа книга од другите книги од овој тип“, запиша Тренеска Цветичанин.

Јованка Дамоска Секулоска нагласува дека приготвувањето храна е интернационален јазик за комуникација за кој не постојат ниту јазични, ниту генерациски бариери. Па токму, книгата од Марија претставува медиум за комуникација со професионалните готвачи и со сите оние што сакаат да готват за своја душа и да ги покажат своите готвачки способности.

„Вкусот на традицијата, вкусот на татковината, вкусот на детството, мирисот на домот, куќата, семејството, сите сеќавања и спомени се наоѓаат во готвачот на Маја и лично со големо нетрпение чекам да го отворам и ѕирнам во него како краен производ кој го отсликува нејзиниот носталгичен, а сепак космополитски дух“, вели Билјана Костова.

Елизабета Петровска

# Недела на блудниот син

## *Во втората подготвителна недела за Велигденскиот пост, Господ Исус Христос ни изнесува една нова поучителна парабола, параболата за блудниот син*

Еден човек имал два сина, при што човекот е Бог, а двајцата синови се два типа на луѓе, поточно праведните и грешните. Постариот син е пример за праведниците, а помладиот ги симболизира грешниците. А кога се вели дека таткото им го поделил подеднакво имотот на двата сина, тоа ни покажува дека Бог им дал и небо и земја, и сонце и месечина, и ѕвезди и други добродетели подеднакво и на праведните и на грешните.



Грешниците кога ги виделе сонцето, месечината и другите нешта, започнале да им се поклонуваат и да го заборавaат вистинскиот Бог. Додека, пак, праведниците кога ги виделе Божјите дела, Го познале Бога и Го прославувале. Бог го создал човекот со слободна волја и му дал разум да разликува добро од зло. Затоа кога ќе направи некое добро дело според својата волја, тој бива пофален од Бог, но кога самоволно ќе го изостави доброто и ќе го избере злото, грешниот човек се оддалечува од Бог. Тој тогаш не ги слуша Божјите заповеди, ја изоставува молитвата и не сака да се покае, не се причестува, и така безрасудно ги разрушува Божјите дарови во себе, како во умот така и во телото, и се оддава на најразлични гревови, кои не само што ја погубуваат душата туку и телото.

## Божја милост

Таквиот човек се оддалечува од Бог и загинува, како што вели пророкот Давид: зашто ете оние што се оддалечуваат од Тебе, пропаѓаат (Пс. 71, 27), додека пак оние кои се плашат од Него, ќе примат секакво добро (Пс. 24, 12). Но, ние како луѓе по природа сме слаби, затоа честопати грешиме, но како разумни луѓе, и да згрешиме не треба да бегаме од Бог како блудниот син, туку треба што побрзо да потрчаме кон покајание и исповед. Затоа кога Го оставаме Бог и Неговиот закон, преку многуте гревови се приврзуваме кон демонот, кој нè тера да пасеме свињи како блудниот син. Треба да знаеме дека секој грев најпрво ни изгледа сладок, а потоа донесува горчина, како и вечна погибел. Но, ние, исто така, преку блудниот син гледаме колкава сила има покајанието. Тој се моли и вели дека не е достоен да се нарече син, па моли да го прими како еден од слугите. Но, Бог е толку милостив и го сака грешникот кога искрено се кае, Он ја простира Својата милост и го пресретнува покајникот со радост. Бог само чека грешниот да се покае со чисто срце и веднаш го прима.

Господ Исус Христос затоа и дојде на земјата, за да ги спаси грешниците, онака како што таткото го прими блудниот син со радост. Он им заповедал на слугите да го облечат во нови алишта, со прстен на раката и нови обувки. Тука Христос ги нарекува слуги свештениците, кои со нивните беседи ги обраќаат грешниците кон покајание и ги облекуваат со добродетели и надеж. Прстенот го означува печатот на Светиот Дух, а обувките Божјата сила, бидејќи кога ќе се покае грешникот добива дар од Светиот Дух и сила Божја со која го победува демонот и го пази од секакво зло. Угоеното тело, се Телото и Крвта Христови, со кои грешниците се причестуваат откако ќе се покаат, а со тоа Го развеселуваат и Бог, и сите Божји ангели.

## Гревот наречен јаре

Стариот син се праведниците, а нивите се овој свет. Праведниците се тие кои се трудат во овој свет со нивните добродетели, но кога гледаат колкава милост пројавува Бог кон грешниците, некогаш им станува тешко, па затоа велат: Господи ние секогаш постапуваме според Твоите зборови и заповеди, ти никогаш не ни даде ниту едно јаре да се веселиме со пријатели. Гревот е наречен јаре, а пријателите се желбите. Праведниците како да сакаат да кажат, Ти Господи не ни дозволи да погрешиме, а ги примаш овие грешници со толку гревови. Но, Бог ги утешува велејќи: вие праведните секогаш сте со Мене и целата моја слава е за вас, затоа не треба да жалите што сте се зачувале чисти, а треба да се радувате дека грешниците се обратија со покајание, бидејќи и тие се Мое создание.

Од овој Евангелски текст треба да научиме колку е милостив Бог кон грешниците кои вистински се каат. Затоа оној кој сака да прими вистинска милост и прошка од Бог,

треба да земе пример од блудниот син. Тој треба да го собере својот ум, кој е расеан по лоши работи, и да си дојде при себе, да отиде кај некој духовник за да ги исповеда сите свои гревови и да рече: Оче згрешив и не сум достоен веќе да се наречам ниту христијанин и не знам како ќе ме прими Бог. Бог ни проштува само кога искрено и од срце се каеме за сторените гревови. Тогаш ни испраќа спасителна надеж и дар од Светиот Дух и со тоа стануваме достојни христијани и наследници на Божјото царство. Да се обратиме со молитва и кон своите небесни заштитници, тие да бидат наши застапници и молитвеници пред Бог, па и ние преку покајанието, очистени да одиме по вистинскиот пат, за спасение на нашите души и стекнување на Царството небесно. Амин.

Од книгата проповеди на
Митрополитот г Тимотеј

# Неделна богослужба и Годишно собрание на МПЦО од Пула

Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула и оваа година го одржа своето редовно Годишно собрание, како и секоја година, последната недела од јануари. Пред да се одржи седницата на Собранието, беше одржана неделна богослужба предводена од отец Дејан Белчовски, кој покрај молитвата ги пренесе поздравите на Митрополитот европски господин Пимен и парохискиот свештеник на Македонската православна црква во Република Хрватска, протојереј ставрофор Кирко Велински.

По одржувањето на Светата литургија верниците кои беа присутни од целата Истарска жупанија се упатија во просторот на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула каде што беше одржана седницата на редовното Годишно собрание на МПЦО на 21 јануари. Седницата започна со Господовата молитва, а потоа беше прочитан Благословот даден од Митрополитот европски господин Пимен, што значи Собранието беше одржано врз основа на Уставот на Македонската православна црква, Статутот на Македонската православна епархија за Европа, Правилникот на Македонската православна епархија за Европа и по барањето на МПЦО. Уредно беа одработени сите точки на дневниот ред и едногласно прифатени. Собранието заврши со дружење и богата трпеза подготвена од МПЦО и семејството Петровски.

М. З.



# Пресвета Богородица си дојде дома



Во слава на Светата, едно-суштинска и неразделна троица, Отецот и Синот и Светиот Дух. Благочестивото македонско семејство, кои живеат во Загреб, Република Хрватска, Невен, Биљана, Ангела и Андреа Сукаровски, на чудесен начин, или по Божја промисла пронајдоа, откупија, реставрираа и даруваа вредна и преубава икона, заедно со држачот на Македонската православна црква „Св. Злата Мегленска“ во Загреб.

На иконата е претставена Пресвета Богородица како го држи Христос, а е насликана во Хрватска од македонски автор, и на чудесен начин, можеби чекаше да се изгради првата Македонска православна црква и да си дојде дома!

Оваа вредна икона е поставена во македонската црква во Загреб за да можат верниците да се молат пред неа. Инаку, автор на иконата е Трајко Муфтински, Македонец, роден во Куманово во 1895 година. Дипломирал во Загреб на Ликовната академија 1927 година.

Да спомне Господ Бог за доброто дело, а Св. Богородица да ги услишува сите молитви кои ќе бидат изговорени и искажани пред неа.

О. Кирко Велински

# 4. Зимска школа на МСМЈЛК при УКИМ

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја одржа 4. Зимска школа на далечина (онлајн) од 22 до 26 јануари 2024 година. Оваа година беше посветена на неколку големи јубилеи: 150 години од раѓањето на Крсте Мисирков, 95 години од раѓањето на Гане Тодоровски, 90 години од раѓањето на Петре М. Андреевски и 75 години од основањето на УКИМ во Скопје.

На школата учествуваа македонисти, слависти, балканолози, филолози, водители на катедри на универзитетите во странство, предавачи, лектори, студенти и афирматори на македонистиката од целиот свет. Школата имаше рекорден број на учесници, 81 семинарист од 21 држава и 4 континенти.

Програмата имаше нов концепт, бројни новитети и богати содржини. Наставата се одвиваше во две секции, јазична (Македонски јазик) и литературно-културолошка (Македонска книжевност и култура), со предавања, лекторски вежби и преведувачка работилница. Покрај тоа, имаше и неколку средби со познати македонски писатели, академик Влада Урошевиќ, Јордан Плевнеш и Венко Андоновски, и со младиот талент Македон Димитровски.

Е. П.




# Изложба на „Тишина“ и „Варијации“




Уметниците Пандора Апостолоска Саздовска и Сашо Саздовски имаа заедничка изложба во Македонскиот културно-информативен центар во Загреб, која беше отворена на 18 октомври 2023 година. За делата говореа авторите и директорката на КИЦ, Наталија Поповска, а меѓу присутните беше и македонскиот амбасадор во Хрватска, Милаим Фетаи.

Пандора Апостолоска Саздовска е академски сликар и визуелен уметник, активист и истражувач. Дипломирала на Македонската академија за ликовни уметности, отсек сликарство со реставрација и конзервација. Нејзината уметничката практика е насочена кон меѓучовечките односи истражувајќи ги аспектите на војната и насилството како политички и социолошки феномен. Има изложувано во Македонија и светот за што добила повеќе признанија и награди. Нејзините дела се наоѓаат во престижни јавни и приватни колекции. Проектот „Тишина“ е мултидисциплинарен и е спој на објекти и инсталации. Тој ги истражува правата на имигрантите и го дефинира видот на уметност што се создава за да постои во одреден политички момент. Спомените и личните приказни се важен сегмент во работата на авторката. Инспирирана од секојдневната рутина, таа ги користи текстот и бројките за да изрази своевидна фрагментација на реалноста како критичар на општеството во кое живееме.

Сашо Саздовски е скулптор и истражувач. Магистрирал на Македонската академија за ликовни уметности, на Катедрата за скулптура и графички дизајн. Неговата уметничка практика е научно-истражувачка. Фокусиран е на прашањата за бесконечноста како одраз на нашето ограничено постоење во времето и просторот. Најзначаен сегмент во неговата кариера е реализација на монументални скулптури на јавен простор. Досега има реализирано повеќе јавни скулптури во Македонија и светот. Проектот „Варијации“ има намера паралелно со цртежот да го претстави актуелното визуелно истражување на авторот во скулптурата. Тоа е дел од истражувачката серија скулптури во која тој се обидува да ги комбинира природните материјали, како мермер и гранит, со материјалите направени од човекот. Во овој проект авторот инсистира на минималистичка, но монументално конципирана форма и на истражување на односот помеѓу светло-темно, природно-вештачко, движење-спокојство. Со комбинирање на различни материјали авторот се обидува да ја открие суштината на единството на спротивностите.

Е. П.

# ПРИРОК
## *(3. дел)*

Во **третата група** глаголи што ја воведуваат *да-конструкцијата* и со тоа прават сложен глаголски прирок ги вклучуваме глаголите: *успее, успева; настојува, се обидува, се труди, се мачи*. Примери: - *Во девет часот, Зико успеа да се добере до редакциската машина за пишување.* (О. Николова); - *Се обиде и Горчин да ја растајни средбата крај реката.* (К. Чашуле); - *Се мачеше да ја истера болката.* (Сл. Јаневски).

Во врска со сложениот глаголски прирок треба да се запомни следново: воведувачките глаголи (фазните, модалните и глаголите од третата група), сите освен безличниот глагол *треба*, покажуваат: лице, број и време, а глаголот во *да*-конструкција покажува лице и број, но не и време – тој се јавува во форма за сегашно време. Примери: **а.** *Почнав/Ќе почнам/Сум почнал/Бев почнал/Би почнал да учам*; **б.** *Можете/Ќе можете/Можевте/Сте можеле/Би можеле да учите*; **в.** *Настојуваат/Ќе настојуваат/Настојуваа/Настојувале да дојдат*.

Наспрема сите овие глаголи стои глаголот *треба* како воведувач на сложен глаголски прирок.



Бидејќи е овој глагол безличен, тој може да покажува само време, а лице и број покажува глаголот во *да*-конструкција: *Треба/Ќе треба/Требаше/Требало/Би требало да одам, да одиш, да оди, да одиме...*

На преминот меѓу глаголскиот и глаголско-именскиот прирок стои **аналитичкиот прирок**, составен од глагол што именува дејство во поширока смисла (прави, врши, води и др.) и именка во улога на директен предмет, со која се прецизира карактерот на дејството: *прави напори, врши операција, води преговори* и сл.

Лидија Георгиева
Постојан судски преведувач од македонски на хрватски јазик и обратно
(Според „Македонски јазик“, Просветно дело АД, Скопје, 2001)




*PREVODITELJI I SUDSKI TUMAČI ZA MAKEDONSKI, BUGARSKI, UKRAJINSKI, ENGLESKI, NJEMAČKI, SLOVENSKI, TALIJANSKI, FRANCUSKI I OSTALE JEZIKE*

*Stručni i kvalitetni prijevodi s područja prava, gospodarstva, medicine, farmacije, religije, arhitekture, građevine, strojarstva.*

*OBRATITE NAM SE S POVJERENJEM!*

# Македонски јазик со слатки и маски

Дека учењето не е секогаш само напор, потврдија учениците кои учат македонски јазик во ОУ „Вијенац“ во Осиек. На идеја на наставничката Маја Јовановски, тие на 10 февруари 2024 година беа дел од необична настава.

Облечени во маски на полицајци и принцези, каубојки и индијанци, утрото во училиштето учеа, и за љубовта, и за виното на св. Трифун, а училницата изгледаше како мал театар на кој со весело расположение настапуваа необични ликови од приказните низ кои го учеа македонскиот јазик.

А за да биде учењето навистина слатко се погрижи наставничката која им донесе – крофни.

J. Т.



# Во тематските сабота спортско дружење, разговори и музика



Одлуката „да ги отвораме вратите“ на МКД „Илинден“ секоја сабота од 18:00 до 22:00 часот за сите членови, нивните пријатели и сите добронамерни луѓе кои сакаат да се дружат и да проследат интересни активности, беше голем успех и наиде на широк интерес, па во просториите на Друштвото, изминативе неколку саботи ги собира сите што сакаат да се дружат, да разменат македонски зборови, музика, но и спортски активности.

Во саботата на 5 февруари се играше пинг-понг, шах и пикадо со разговор и добро расположение, а саботата на 17 февруари беше резервирана за шарени маски, направени од најмладите, до највозрасните членови на Друштвото.

Со детска смеа, игра и забава, македонска музика и весели гласови на возрасните, со мезе, слатки и незаменливата „жолта“, тематската сабота во МКД „Илинден“ ги оправда сите очекувања на организаторите на овие дружења.

Г. К.

*Prijevod osobne, poslovne, pravne i medicinske dokumentacije s ovjerom sudskog tumača za građane i tvrtke. Prijevod stručnih tekstova.*

ZAUMPRIJEVODI

engleski njemački arapski
ukrajinski slovački
makedonski slovenski
srpski bosanski

Maksimirska 40, 10000 Zagreb
M: 095/5969-047 T: 01/7789-311
E: zaum.prijevodi@gmail.com
www.zaum-prijevodi.hr

# ВКУСОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Велигденските празници се пред нас, кога на трпезите се наоѓаат разни специјалитети*

## Солена бајадера



**Потребно е:** 5 јајца, 600 мл минерална вода (мерка чаша од 200 мл), 400 мл масло, 3 полни шолји пченкарно брашно, 3 шолји пченично брашно, 2 лажички сол, 1 прашок за печиво, 200 г бело сирење, 150 г шунка, 2 кисели краставички, 250 г спанаќ, 3 лажици домашен ајвар и малку сусам за наросување.

**Подготовка:** Јајцата се матат со маталка, се додава минерална вода, се меша, потоа се додава маслото и повторно се мешаат состојките; се додаваат брашната, пченкарното и пченичното, две мали (кафени) лажички сол и прашокот за печиво. Сето тоа добро се меша, па се додава сирењето. Добиената смеса се дели на три дела. Во првиот дел се додава на коцки исечкана шунка и киселите краставички, исто така, исечени на коцки. Во втората смеса се додава спанаќот, а во третата смеса се додаваат 3 лажици домашен ајвар. Во плех од шпорет, обложен со хартија за печење, се додава смесата со ајвар и се пече во загреана рерна 5 минути на 200 степени, само да фати кора. Потоа полека се додава смесата со спанаќ и повторно се враќа во рерна да фати кора и на крајот се додава последната, третата смеса со шунка и краставички. Пред да се врати во рерна, смесата по желба, може да се нароси со сусам. Се пече уште 30-тина минути на 180 степени. Се сече на коцки или правоаголници.

## Печено свинско месо



**Потребно е:** 5 кг свинско месо (бут и ребра), сол и 2 чаши вода.

**Подготовка:** Месото прво треба да се помине со крпа, да се исуши, а потоа да се насоли од двете страни, предната и задната со триење со рака. Така подготвено, местото треба да отстои неколку часа или преку ноќ во фрижидер. Потоа, во плех од шпорет ставаме решетка, на дното полеваме една чаша вода, а месото го префрламе на решетката со кожата од горната страна, претходно избоцкано со врв на ножот на неколку места од двете страни. Се става во ладна рерна за да се пече постепено, како би било меко и сочно. Се пече на 180 степени. По еден час печење, месото се премачкува со маснотијата и течноста од дното на плехот и повторно се надолива уште една чаша вода на дното од плехот и се враќа во рерна. По два ипол часа, повторно го вадиме месото надвор од шпоретот, го боцкаме со врв на ножот неколку пати полесно да излезе маснотијата. Потоа го превртуваме месото од другата страна и продолжуваме со печење уште еден час. Го вадиме повторно месото, го полеваме со лажица со течноста што ја пуштило и го превртуваме повторно од страната со кожа и продолжуваме со печење уште еден час. По четири и пол часови печење, свинското месо е готово за консумирање. Се сече на парчиња и се сервира.

## Крем колач



**Потребно е:** 250 г лиснато тесто, 6 јајца, 2 ванилин шеќера, 8 лажици брашно, 4 лажици густин, 1 л млеко, 500 мл слатка павлака, 20 лажици шеќер, 200 г чоколадо и 2 лажици масло.

**Подготовка:** Од лиснатото тесто развлечете кора колку што ви е плехот за печење и испечете ја во рерна. Потоа се матат 6 жолчки со 10 лажици шеќер и 2 ванилин шеќера, па во така изматените жолчки се додаваат брашното и густинот, па се мешаат со 250 мл млеко. Остатокот од млекото се става во тенџере да зоврие, по што се додава кремот и се вари додека да се згусне. Откако ќе се излади малку, во кремот се додаваат 6-те изматени белки со 10 лажици шеќер и се меша со лажица убаво да се соедини смесата. Врз испечената кора од лиснатото тесто се додава кремот, а потоа и претходно изматената слатка павлака. Одозгора се прелива со прелив од топено чоколадо.

М. Г.








# СИНИТЕ ВИРОВИ НА ДЕБРЦА








Чистата и недопрена природа во Македонија изобилува со богат и разновиден биодиверзитет кој треба да се штити и чува за идните поколенија. Во Западна Македонија, на само неколку километри од патот Кичево-Охрид, на околу 30 км северно од Охрид, на подрачјето на Општината Дебрца, помеѓу селата Белчишта и Ново Село, се наоѓа мочуриштето Белчишко Блато, познато и како Сини Вирој или Белчишки Сини Вирови, поради големиот број езерца со модро сина боја. Тоа е најголемото сочувано водно живеалиште во Македонија, со површина од околу 1,2 $км^2$.

Мочуриштето е природен резерват, реликтен остаток од некогашното Десаретско Езеро, со кое котлината Дебрца била поплавена во плиоценот. Кон север и исток е обрабено со возвишението Габер кое е издаден западен огранок на Илинска Планина, додека кон југ и исток е отворено кон пространата рамнина на котлинското дно на Дебрца, со надморска височина од 767 м. Се напојува од повеќе издашни студени карстни извори чии истек ја образуваат реката Матица.

Со повлекување на Десаретското Езеро по должината на реката Сатеска, бројни ендемски видови на растителен и животински свет останале да постојат и понатаму на ова подрачје. Во водниот екосистем на мочуриштето истражувањата покажале дека постои голема разновидност на флора и фауна. Евидентирани се голем број различни растителни видови, видови на риби, птици, цицачи, водоземци, влекачи и безрбетници: бел штрк, ибис, патки, видри, лилјаци...

Мештаните мочуриштето го користат за напасување и поење на стока, косење, лов, риболов и рекреација како место за пикник. Особено е специфично и поради поплавените евлови шуми. Локалитетот е уреден со клупи, видиковци и со набљудувачница за птици. Патеката со должина од околу 5 км што води покрај разиграните вирови и изворчиња е идеална за туристички рурални активности, а погледот кон реката Матица, чии води преку реката Сатеска завршуваат во Охридското Езеро, е чудесен.

Белчишкото Блато е дел од „Емералд“ мрежата, која ја сочинуваат подрачја од посебен интерес за зачувување и идно заштитено европско подрачје како Парк на природата од најголемата европска мрежа на заштитени подрачја во светот „Натура 2000“.

Елизабета Петровска